

**Интервју со Јулијана Младеновска Тешија:**

**Помагале затоа што во другиот препознале човек!**

**Мирјана Мајиќ и натаму претседателка на МКД „Билјана“**



# МАКЕДОНСКИ ГЛАС


Година XXVIII 2021.

ЈАНУАРИ – ФЕВРУАРИ
SIJEČANJ – VELJAČA

ISSN 1333-7769

БРОЈ
129




## Македонските државјани во Хрватска се попишуваат



**Ивона Дуноски Митев нова претседателка на МКД „Илинден“, Риека**



**Триесетгодишно делување на МКД „Македонија“, Сплит**

**Sretan Uskrs! Честит Велигден!**




ALKALOID
SKOPJE
Health above all



Mikrogranule za otapanje u ustima Magnezij 400 + B complex osiguravaju dnevnu opskrbu magnezijem zajedno s vitaminima B skupine, u cilju zadovoljenja povećanih potreba organizma.

**DODATAK PREHRANI SA SLADILIMA**
**MIKROGRANULE ZA IZRAVNU PRIMJENU**

# Magnezij 400
## + B complex

OGL-335-03-02-2019-HR

- *Magnezij doprinosi normalnom funkcioniranju živčanog sustava*
- *Magnezij doprinosi normalnoj funkciji mišića i ravnoteži elektrolita*
- *Niacin, Pantotenska kiselina, Vitamin $B_2$, Vitamin $B_6$, Folna kiselina i Vitamin $B_{12}$ doprinose smanjenju umora i iscrpljenosti*



**20 vrećica**
*s okusom grejpa*

Prekomjerno uzimanje može imati laksativni učinak.

Čuvati od dohvata male djece! Preporučene dnevne doze ne smiju se prekoračiti. Dodatak prehrani nije nadomjestak ili zamjena uravnoteženoj prehrani. Važno je pridržavati se uravnotežene i raznovrsne prehrane i zdravog načina života!

**BRZA I LAKA UPOTREBA**
**JEDNA VREĆICA DNEVNO**

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Превод и лектура: Лидија Георгиева
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Милена Златеска
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Гордана Квајо – Риека
Антонела Галиќ – Задар
Марта Жаја – Сплит
Михаела Златеска – Пула

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
zmurh.hr@gmail.com

За издавачот: Илија Христодулов
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

# ЕХО НА ВРЕМЕТО

**Агол на уредникот**
**Urednikov kutak**



## Успех

„Ако не можеш да леташ – бегај
Ако не можеш да бегаш – оди
Ако не можеш да одиш – ползи
Што и да направиш, продолжуваш напред.“

Ова е еден цитат што се однесува на успехот. Е сега, што е тоа што нѐ води напред? Првенствено, потребна ни е ВЕРБА во себе, која е прва од условите за успех.

Потоа ни треба ЉУБОВ – ах, таа љубов која е двигател во животот. Без неа сѐ е пусто. За љубов се воделе и војни.

Потребна ни е и СТРАСТ – без која нема победа. Таа нѐ води до целта, односно победата.

На листата ја додаваме и СЛОБОДАТА, бидејќи без неа смислата се губи.

А сето ова се заснова на ЗДРАВЈЕ и ВЕРА за да може да се постигне сето претходно наведено.

Повеќе од една година животот ни се претвори во постојана грижа како да го одржиме здравјето – наше и на нашите најблиски поради светската пандемија со коронавирусот. Дистанца, маски, средства за дезинфекција, затворања, онлајн настава, зум, тимс, разговори преку скајп, вибер, вакцини, нуспојави... ни станаа наше ново секојдневие.

За жал, многу поразлично од она претходното, кога можевме да ги гушнеме и бакнеме најблиските и пријателите, да се посетуваме, да патуваме, да славиме родендени, свадби, да играме и пееме и да одиме на концерти, во кино или театар. Да не се затвораме дома.

Во овој страв од секојдневната борба со вирусот, наметнат или не, сепак здравјето ни е на прво место за да можеме да си ги оствариме нашите цели и да дојдеме до посакуваните успеси.

Ќе прославиме уште еден Велигден на нов начин, роденден или свадба, со маски и дистанца, но ќе помине, само да сме здрави и живи!

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

# За 2021 година аплицирале 220 малцински здруженија со 1099 програми

*Усвоена е Програмата за работа на Советот за националните малцинства за 2021 година. За време на траењето на пандемијата, во спроведувањето на оваа Програма ќе се применуваат сите епидемиолошки мерки и препораки на Стожерот за цивилна заштита на РХ со цел да се спречи пренесувањето на болеста*



На 28 јануари 2021 година, Советот за националните малцинства на Република Хрватска ја одржа 93. телефонска седница на која беше усвоена Програмата за работа на Советот за 2021 година и беа дадени информации за програмските предлози пристигнати на Јавниот повик за здруженија и институции на национални малцинства. Предлозите главно се однесуваат на програми за културна автономија од областа на информации и издаваштво, културен аматеризам и манифестации, програми што произлегуваат од билатерални договори и програми што создаваат предуслови за остварување на културна автономија на националните малцинства за 2021 година.

На седницата на Советот, претседателот Александар Толнауер информираше дека на Јавниот повик за кофинансирање на програми за 2021 година аплицирале вкупно 220 малцински здруженија со 1099 програми, односно 43 здруженија помалку од 2020 година.

## Важни одлуки

Годинашнава Програма за работа на Советот за националните малцинства на РХ е донесена со цел за учество на малцинствата во хрватскиот јавен живот, а особено за учество со предлагање, регулирање и решавање на прашања поврзани со остварувањето и заштитата на правата и слободите на националните малцинства.

„За време на траењето на епидемијата на ковид-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, во спроведувањето на оваа Програма ќе се применуваат сите епидемиолошки мерки и препораки на Стожерот за цивилна заштита на РХ со цел да се спречи пренесувањето на

болеста“, е наведено во Програмата за работа на Советот.

Во изминатата 2020 година, која беше доста специфична и необична поради пандемијата и земјотресите, и Советот за националните малцинства на РХ својата работа ја прилагоди на новите услови. Беа одржани шест седници, телефонски и онлајн, на кои се донесоа важни одлуки како што е и Дополнувањето на Критериумите за финансирање и договарање на програмите за културна автономија на националните малцинства и методологијата за следење и проценка на спроведувањето на финансираните програми. Во контакт со здруженијата и институциите и во соработка со Владата на РХ, а со потполно разбирање за ситуацијата во која беа погодени сите, па и припадниците на националните малцинства, Советот успеа да обезбеди средства и за оваа 2021 година, и тоа во рекорден износ, за 10,01% повеќе од претходната година.

## Оперативни програми

Статусот и положбата на малцинствата во РХ е добра и значително е унапредена со Оперативните програми на националните малцинства за периодот од 2021 до 2024 година, усвоени и донесени од Владата на РХ на 30 декември 2020 година. Со овие Оперативни програми се утврдуваат механизмите за обезбедување заштита на правата на малцинствата и поддршка на дејствувањето на нивните тела, во согласност со Уставниот закон за правата на националните малцинства. Во нивната подготовка учествуваа надлежните тела на државната управа, а во изработката беше вклучен и Советот со своите членови, претставници на националните малцинства во Хрватскиот парламент.

Оперативните програми опфаќаат: користење, воспитување и образование на јазикот и писмото на националните малцинства; културна автономија со одржување, развој и изразување на сопствената култура и зачувување и заштита на културните добра и традиции на малцинствата; пристап до медиумите и спроведување дејности за јавни услуги на јазикот на малцинствата; право на самоорганизирање и здружување со цел остварување на заеднички интереси; застапеност во претставнички тела на државно и локално ниво и во управни и судски тела; учество на малцинствата во јавниот живот и управување на локално ниво преку советите и претставниците на малцинствата; подобрување на програмите за развој во областите каде што живеат припадници на малцинствата, а кои се демографски, економски или социјално загрозени; учество на припадниците на малцинствата во пописот на населението во 2021 година; промовирање мир и толеранција, и борба против злосторствата од омраза.

## Средства за црквата

Македонското национално малцинство во Оперативните програми е опфатено во делот за подобрување на условите за работа на постојните верски институции и изнаоѓање соодветни решенија за изградба на нови верски објекти. Во согласност со Законот за правната положба на верските заедници, Владата на РХ ќе обезбеди средства за завршување на верски објект важен за македонското национално малцинство. Ќе се обезбедат средства за првата Македонска православна црква во Република Хрватска, во Загреб, врз основа на адаптација на објектите на националните малцинства кои имаат статус на споменици на културата. Носители на овој проект се Министерството за култура и медиуми и Канцеларијата на Комисијата за односи со верските заедници, а рокот за негово спроведување е вториот квартал на 2021 година.

Елизабета Петровска

## Попис на населението

Поради околностите предизвикани од епидемијата ковид-19, Државниот завод за статистика (ДЗС) најави дека Пописот на населението во 2021 година во Хрватска треба да се спроведе два месеци подоцна од предвиденото, наместо од 1 април до 7 мај, ќе се планира да се спроведе од 1 јуни до 4 јули. Новина за пописот годинава е тоа што тој ќе се спроведува во две фази, во првата со независен попис на населението преку електронскиот систем е-граѓани, а во втората фаза тоа ќе го направат попишувачи на терен.

Пописот на населението е исклучително важен, особено за припадниците на националните малцинства. Затоа е важно сите да се изјасниме дека сме Македонци, дека зборуваме на македонски јазик и дека по верска припадност сме припадници на Македонската православна црква, за да можеме да ги искористиме нашите права што ни ги дава Уставниот закон за правата на националните малцинства во РХ.

# Македонските државјани во Хрватска се попишуваат

*Помош и информации им пружат вработените во Македонската амбасада во Загреб која спроведе кампања и излезе на терен за да оствари директни средби со граѓаните*



Од 1 март до 21 април ќе се реализира пописот на македонските државјани кои престојуваат во странство. Станува збор за попис на населението, домаќинствата и становите која е редовна статистичка операција што се врши на десет години. И покрај некои најави и барања постапката да биде одложена поради пандемијата, сепак надлежните македонски институции останаа на ставот пописот да се реализира.

Што се однесува до македонските државјани кои живеат во Република Хрватска, еден дел веќе се пријавија онлајн, следејќи ги дадените упатства преку медиумите, но и преку Македонската амбасада во Загреб.

## Кампања и теренско дејствување

- Во првите две недели реализиравме кампања преку Амбасадата во Загреб за да ги информираме македонските државјани кои живеат постојано или привремено во Хрватска како може да се пријават за пописот. Од 20 март одиме на терен кадешто ќе имаме директни средби и контакти со граѓаните, па планираме да ги посетиме Пула, Риека, Пореч, Осиек, Задар, Сплит, Шибеник, потоа Копривница, Вировитица, Крижевци, каде што има поголема концентрација на македонски граѓани. Таков ни е планот, со теренско присуство да им укажеме на нашинците за пописот и директно да им дадеме упатства и помош, како би можеле успешно да се пријават, вели Назиф Џафери, вршител на работите во Македонската амбасада во Загреб.

Тој информира дека станува збор за сериозен потфат и дека граѓаните треба правовремено и точно да се информираат и истовремено и да им се укаже со какви проблеми би можело да се соочат при пријавувањето.

- Досегашното искуство покажа дека во некои случаи лозинката пристигнала со задоцнување, па да видиме понатаму дали ќе се појават некои други проблеми и какви ќе бидат, додава Џафери.

Со пописните податоци ќе може да се утврдат демографските, образовните, економските и социјалните карактеристики на населението.

За самопопишување на македонските државјани во Хрватска на располагање им е пописна апликација на Државниот завод за статистика до која може да се пристапи преку следниве веб страници:

**https://stat.gov.mk**

**https://popis2021.stat.gov.mk/default.aspx**

**https://census.stat.gov.mk**

## Корисни информации

Она што е клучно за воопшто да може да се пристапи во пополнувањето на пописната документација е Единствениот број на граѓанинот, односно на лицето што се попишува. Секако, податоците што се внесуваат, упатуваат надлежните институции, треба да бидат точни

и целосни. За деца до 15 години податоците ги пополнува родител или старател. Регистрацијата на попишувањето се врши само од странство, односно од земјата во која лицето престојува, што значи не можете да се пријавите доколку сте дома во Македонија.

Како што е наведено во упатството, лицето кое се пријавува треба да има електронска адреса на која, откако ќе се пријави, добива лозинка на која треба да се повика како би можело да започне со самопопишување. По добивањето на верификацискиот код, пожелно е истиот да се промени, односно да се креира нова лозинка. И по успешното логирање, може да се почне со самопопишувањето и тоа преку седум екрани (каде се наведуваат адреса, миграции, брачна состојба, образование, средства за живеење, инвалидитет).

## Видео и телефонски линии

Ова е страницата на која може да се погледне видео со сите потребни информации за самопопишување, на македонски јазик: **https://fb.watch/3XA_6uw8T5/** и на албански јазик: **https://fb.watch/3XB0n-x9sS/**.

На граѓаните на располагање им се и телефонски броеви преку кои можат да се информираат за пописот.

Македонска амбасада во Загреб: **01/ 457 2812, 091/ 604 8000** – дежурен број, **091/ 333 0405** – Смиљана Трпковска, конзуларно-административен референт.

Министерството за надворешни работи исто така креираше телефонски броеви за контакт:

**+389 75 268 732** (редовна линија, Viber, WhatsApp)

**+389 75 268 734** (редовна линија, Viber, WhatsApp)

**+389 75 268 745** (редовналинија, Viber, WhatsApp)

Претседателката на МКД „Охридски бисер“ од Загреб, Виолета Штерјова, вели дека од голема корист им биле информациите што ги добиле од вработените во Амбасадата, кога тие ги посетиле во просториите на Заедницата на Македонците во РХ.



„Сè ни објаснија, чекор по чекор како треба целата постапка да ја поминеме. Ги информиравме нашите членови дека кој сака може да дојде во нашите простории и оттука да се пријавуваат со наша помош, секако водејќи сметка за епидемиолошките мерки и бројот на присутни лица. Добро е за нас да бидеме евидентирани на пописот“, додава Штерјова.

Татјана Јовановска Калпиќ, охриѓанка која живее и работи во Шибеник, се пријавила уште во првите денови кога започна пописот, како лице кое веќе 9 години живее во Хрватска.

- Јас сум македонска државјанка со постојан престој во Хрватска. При пријавувањето, ги следев чекорите од упатствата и не наидов на некој поголем проблем, така што успешно го завршив самопопишувањето, ни рече Татјана.

Од Државниот завод за статистика посочуваат дека податоците од пописот се заштитени, односно тие подлежат на посебна заштита и ќе бидат искористени само за статистички цели, што го овозможува Законот за попис, Законот за државна статистика и прописите од областа на заштитата на личните податоци.

Милена Георгиевска

# Помагале затоа што во другиот препознале човек!

*Токму со оваа тема се занимава Јулијана Младеновска Тешија, скопјанка која живее во Осиек, сестрана душа, неуморен борец за човекови права и мир, а посебно се залага за правата на жените. Професорка, поетеса, читателка, мајка, сопруга, ќерка, пријателка... Една толку необична личност која ќе се обидеме да ви ја претставиме низ разговорот што го водевме за „Македонски глас“, барем еден нејзин дел, бидејќи за неа има многу да се пишува*

Вљубеник во книгите, филозофијата, теологијата, природата и музиката. Предавач на Високото евангелско теолошко училиште во Осиек по филозофски предмети. Многу чита, па е избрана за „најчитател“ во Градската библиотека во Осиек, пишува поезија, сади билки, шета во природа, ги обожава Драва и Осиек, а Скопје и Македонија ги носи длабоко во душата. Таа е и мировен активист од 1996 година.

## Стипендија

Повод за интервјуто со Јулијана Младеновска Тешија е добивањето стипендија од Меѓународната фондација за истражување на мирот, САД (International Peace Research Association Foundation, USA), како единствената што ја добила оваа стипендија од Југоисточна Европа. Таа е докторантка на Универзитетот „Утрехт“ од Холандија.

**Што оваа стипендија значи за Вас?**

Пред две години го почнав докторатот со една специфична тема што ја опфаќа Источна Хрватска, односно Славонија и ги истражува мировните активности на поединци и групи во текот на војната и после неа (1991-2001). Сакам да забележам една поинаква приказна за војната, бидејќи овде не се случуваа само лоши работи. Многу храбри поединци наоѓаа извор на својата храброст во верата, во мировниот ангажман и се залагаа за иднината тогаш кога над градот паѓаа бомби. Нивните активности останаа незабележани, а по нив предничи Осиек кој беше во специфична положба: опколен, но никогаш освоен, па тоа им овозможи на граѓаните да ги искористат своите верски, граѓански и мировни потенцијали за помагање и поврзување.






*Јулијана со мама Драгица*

**Како го конципиравте истражувањето?**

За да го реализирам, неопходно беше да патувам по Хрватска, да ги истражувам архивите и да правам интервјуа со луѓето, но за тоа немав доволно пари. Мојот матичен факултет каде што работам, а и универзитетот „Утрехт“ многу ми помогнаа, два пати бев во Холандија. За да успеам до крај, се јавив на конкурсот на Меѓународната фондација за истражување на мирот, САД (International Peace Research Association Foundation, USA). Читајќи за нив забележав дека се главно свртени кон Јужна Америка, Африка и Далечниот Исток. Мислев дека немам никаква шанса, но кога по два месеци се најдов на нивната листа, многу се изненадив и израдував! Ми значеше многу нивното препознавање на вредноста на ова што го работам, ми даде нови крилја. Со оваа стипендија успеав да направам 21 интервју од планираните 12, ми остануваат уште 4 до крај, поминав 5 архиви, 2 музеи, бев по неколку пати во Вуковар, Загреб, Илок, Гуња, Осиек, Ѓаково, а треба да отидам уште во Белград и Сараево. Планирам и снимање на видеа од разговорите со моите соговорници. Истражувањето ги бележи приказните на луѓето од различни вери,

етничка или друга заднина, кои помагале затоа што во другиот го препознавале човекот.

## Мировен активист

**Јулијана, Вие сте и мировен активист?**

Да, од 1996 година. Прва организација со која почнав да соработувам беше Организацијата на жени во Македонија. И од тогаш не престанав. Особено ми беа важни годините кога работев за Балканскиот центар за проучување на мирот, заедно со проф. д-р Олга Мурџева Шкариќ која беше негов основач. Професорката Олга е енергична жена со визија; таа околу себе собра една млада екипа со која, уште пред да почне војната во Македонија работевме на нешто што се викаше „мировни студии“. Јас ѝ бев асистентка три години. Во текот на тие години водевме различни проекти и тренинзи. Тоа беа моите почетоци, а кога се преселив во Хрватска, само продолжив каде што застанав: на факултетот во Осиек водев екуменски и меѓурелигиски проекти, соработував интензивно со многу организации, посебно со Центарот за мир, ненасилство и човекови права во Осиек, една од најголемите организации за мир и ненасилство во Хрватска.

**Активна сте и во МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек. Каков е тамошниот Ваш ангажман?**

Јас сум членка на Управниот одбор на МКД „Браќа Миладиновци“, заменичка на претставничката на МНМ за Град Осиек и дописничка за „Македонски глас“, со љубов ги претставувам поетите кои од Струшките вечери на поезијата доаѓаат во Осиек. Во Друштвото сум активна од 2007 година. Љубовта ме донесе во Хрватска во 2004 година прв пат, за да се преселам во 2005 година. Живеам со сопругот и синот во непосредна близина на стариот дел од градот – Тврѓа и Драва. Инаку, родена сум скопјанка, мајка ми е битолчанка, а татко ми беше дебарчанец. Завршив средно уметничко и студии по филозофија во Скопје на Филозофски факултет кај проф. д-р Ферид Мухиќ, а проф. д-р Вера Георгиева ми беше главна инспирација за проучување на теологијата и христијанството. Кога дојдов во Осиек и го открив Високото евангелско теолошко училиште, им предложив да работам за нив во замена за магистерски студии по теологија. Од тогаш сум со нив и дома, во Осиек.

**Многу читате, а годинава успеавте да напишете и книга со поезија. Кога се очекува да излезат Вашите песни во јавноста?**

Во станот имаме повеќе книги, отколку ѕидови. Оваа година се надевам, ќе излезе од печат и мојата прва стихозбирка „На каучот на Сигмунд Фројд“, во соработка со Заедницата на Македонците во РХ. Многу сакам поезија, но никогаш не помислував дека ќе почнам и да пишувам. Ете и тоа се случи, заради короната или годините, песните едноставно почнаа да излегуваат од мене како вулкан! Кога во нив препознаа вредност Хелена Сабљиќ Томиќ и Бранко Чегец, решив да се пријавам на конкурс преку ЗМРХ. Па ќе видиме.

Милена Георгиевска

## Ја сакам смирената и дива Хрватска

**Што најмногу Ве фасцинира во Хрватска, а што во Македонија?**

Кога ќе се спомне Хрватска, на прво место размислувам за Славонија, Драва, Осиек, отворениот простор околу Драва, таа голема и убава река која ме смирува, на питомите осиечани, на земјата која толку убаво мириса. Од друга страна пак, семејството Тешии по потекло се од Далмација и секое лето сме на море. Кога прв пат го доживеав Хвар, тоа ми беше една нова Хрватска, дива, по малку сурова и камена, со солено и сино море, која те вика да бидеш сам. Тоа е за мене островот: самотија, средба со себе и природата, можност да ги слушаш брановите, да ја доживееш Хрватска поинаку.

А Македонија се сите мои емоции, моето растење, зреење, тетка ми Радица и мама Анче, моите баби, моите пријатели. Со моите другарки не морам ништо да зборувам, тие знаат сè. Таа близина не се надоместува со ништо. И секако, јазикот. Го обожавам хрватскиот јазик, на хрватски пишувам стручни текстови. Но, кога песните излегуваат на македонски, тие ја откриваат онаа Јуле која е длабоко сокриена, полна со соништа, детски стравови, со стари љубови и страсти. Тоа е мојот идентитет – јазикот македонски.



*Сопругот Вук и синот Лав Тешија*

# Милаим Фетаи нов амбасадор во Загреб

**На 10 март, македонскиот претседател Стево Пендаровски ги прими новоименуваните амбасадори пред нивното заминување на должностите во странство**



Претседателот Стево Пендаровски со новоименуваните македонски амбасадори



Сервет Авзиу, прв македонски амбасадор во Загреб



Махи Несими и Невен Јурица, претседател на Одборот за надворешна политика на Хрватското собрание (фото: Собрание)

Новиот македонски амбасадор во Република Хрватска е Милаим Фетаи, кој се очекува наскоро да дојде во Загреб. На 10 март, македонскиот претседател Стево Пендаровски ги прими новоименуваните амбасадори пред нивното заминување на должностите во странство. Како што информираа од Кабинетот на претседателот Пендаровски на средбата присуствувале Сашко Тодоровски, амбасадор во Чешката Република, Горан Цеков, амбасадор во Јапонија, Светлана Гелева, амбасадорка и постојан претставник при Советот на Европа, Билјана Стефановска Сековска, амбасадорка во Комонвелтот Австралија, Бети Јачева, амбасадорка во Кралството Холандија, Драган Јордановски, амбасадор во Република Естонија, Лидија Бошковска, амбасадорка во Хеленската Република и Милаим Фетаи, амбасадор во Република Хрватска.

Порачувајќи им дека од нив очекува да ги штитат интересите на нашата држава, претседателот Пендаровски посочи дека тие треба да бидат активни во спроведувањето на надворешната политика, соодветно да постапуваат и да одговорат на надворешнополитичките предизвици.



Амбасадорот Данчо Марковски со претседателот Ѓорге Иванов и Македонци од Хрватска



Амбасадорката Даниела Караѓозоска

## Политичко делување и плодотворна соработка

Во извршувањето на одговорните дипломатски ангажмани во Македонската амбасада во Загреб досега се докажаа амбасадорите Сервет Авзиу, кој најдолго остана на таа позиција (седум години), Махи Несими, Данчо Марковски, Даниела Караѓозоска и сè уште актуелниот вршител на должноста во Амбасадата, Назиф Џафери.

Најзначајните настани за нашата земја кои го одбележаа последниот тригодишен мандат на Назиф Џафери во политичкиот дел, е влезот на Македонија во НАТО (март 2020), а Хрватска беше втора земја која го ратификува договорот, и за време на нејзиното шестмесечно претседателствување со Советот на ЕУ, минатата година, за време на Загрепскиот самит, за нашата земја е донесена одлука за почнување на пристапните преговори со ЕУ, заедно со Албанија.

Со Назиф Џафери поразговаравме околу соработката со македонската заедница во РХ, за која вели дека е на високо ниво, доста коректна и плодотворна.

- Моето искуство со македонската дијаспора во Хрватска е многу позитивно и преземени се многу конкретни чекори. Веднаш по моето доаѓање иницираме отворање на изучување на македонскиот јазик и култура по моделот Ц во средно училиште во Осиек и тоа го реализиравме, вели Џафери.



Загреб




Осиек




Риека

Тој додава дека има одлична соработка со сите македонски културни друштва во Хрватска, со Заедницата на Македонците во РХ, но и со други организации и здруженија во кои се вклучени македонски државјани, а кои живеат во пријателска Хрватска.

„Во Загреб, директорите од основните и средните училишта каде се одржува настава по македонски јазик, беа поканети во Амбасадата каде им беа доделени благодарници за нивниот ангажман и промовирање, односно поддршка за изучувањето на македонскиот јазик и култура“, додава Цафери.

## Позитивни искуства

Досегашното негово искуство говори за редица позитивни настани – во Осиек учество на одбележување на *Деновите на Браќата Миладиновци* и посета на локалната власт, *Ден на малцинствата* во Загреб, каде имаше најмногу настани пред короната, а Амбасадата беше застапена со редовно учество на активностите што ги организираше МКД „Охридски бисер“, потоа *Денови на македонската култура*, *Ден на Кочо Рацин* во Самобор...

Назиф Цафери ја апострофираше и соработката со Македонската православна црква во РХ, а Амбасадата беше доста ангажирана и посветена во изнаоѓање на донации за прирвршување на објектот на првата Македонска православна црква во Загреб.

Амбасадата беше дел од примената на културните програми на македонските културни друштва со идентитетски елементи, потоа одбележување на празници и сл.

- Бевме присутни на одбележувањето на *Деновите на македонската култура* во Шибеник, што ги организираше невладината организација „Хрватско-македонска тангента“, каде остварив средба и со градоначалникот на Шибеник, д-р Жељко Буриќ, кој пред тоа беше во посета на Скопје, па имавме што да разговараме како би ја продлабочиле натамошната соработка меѓу Хрватска и Македонија. „Тангентата“ со своите активности доста придонесува на тоа доближување меѓу двата пријателски народи – хрватскиот и македонскиот, како што всушност тоа го прават и сите македонски друштва во Хрватска. Исто така, бев присутен и на *Деновите на македонската култура* и во Риека, а и во одбележувањето на 20-годишнината од формирањето на Македонското културно друштво „Билјана“ од Задар. И со МКД „Македонија“ од Сплит имаме коректна соработка, вели Цафери.



Шибеник

## Враќање дома во време на затворени граници

Исто така, треба да се апострофира улогата на Македонската амбасада во Загреб во вонредните околности што се случија минатата година со затворањето на границите при што одигра огромна улога организирајќи хуманитарни конвои и чартер авиони за да можат македонски граѓани кои се нашле во Хрватска да се вратат во своите домови во Македонија.

„Тие дваипол месеци на почетокот на пандемијата се работеше натчовечки во три смени во Амбасадата за сето тоа да се организира. Се покажа дека нашата Амбасада е лидер кога станува збор за ова прашање. Ние го организиравме и првиот лет со чартер авион од Загреб, а потоа продолжија со Малта, Германија итн. Тука ние бевме први. И ден денес имаме комуникација со луѓето кои беа овде и не нè заборавија. Со оглед на бројноста на лицата што работат во Амбасадата во Загреб и опременоста ние навистина бевме на ниво на задачата“, посочи Цафери.

Милена Георгиевска



Задар

# Одбиена иницијативата за зајакнување на малцинските права и различностите во Европа

*Да беше иницијативата прифатена грижата за зачувување на европската културна разновидност би се подигнала на повисоко ниво*

Иницијативата „Minority SafePack“ е најважна европска малцинска иницијатива со која се повикува ЕУ да ја подобри заштитата на припадниците на националните и јазичните малцинства и да ја зајакне културната и лингвистичката разновидност во Унијата. Таа беше покрената од Федералната унија на европските малцинства (ФУЕН), а замислена е како безбедносен пакет за малцинствата, кој во форма на европски закони или директиви ќе донесе балансиран стандард на заштита на националните малцинства во Европа и кој ќе мора да го почитуваат сите членки и сите земји во процесот за влез во ЕУ. Опсегот на прашања што треба да се решат со оваа иницијатива е многу широк и се однесува на заштитата на јазикот, пристапот до медиумите, образованието, зачувувањето на културните и архивските материјали, рамномерниот економски и регионален развој, борбата против дискриминацијата и говорот на омраза итн.

Во декември 2020 година, на пленарната седница на Европскиот парламент пратениците ја повикаа Европската комисија да изготви правни акти врз основа на предлогот на европската граѓанска иницијатива „Minority SafePack“, чија цел беше подобрување на културната и јазичната разновидност во ЕУ. Во резолуцијата усвоена со 524 гласа „за“, 67 „против“ и 103 „воздржани“, Парламентот истакна дека националните и јазичните малцинства во ЕУ се соочуваат со асимилација и губење на своите јазици, што резултира со јазично и културно осиромашување на Европа.




Европските граѓански иницијативи се инструмент за демократско учество на граѓаните во политиките на ЕУ. Доколку повеќе од еден милион граѓани од најмалку 7 земји членки ја поддржат иницијативата, Европската комисија мора да преземе мерки. Парламентот ја повика Комисијата да предложи правни акти за решавање на овие проблеми, изразувајќи ѝ поддршка на иницијативата „Minority SafePack“, која собра повеќе од милион потписи од граѓаните на ЕУ (1.123.422 потписи од граѓани на 11 земји) за зајакнување на малцинските права и различностите во Европа. Инаку, „Minority SafePack“ е прва иницијатива која доби поддршка од Парламентот.

## Понатамошна соработка

За жал, на 14 јануари 2021 година, Европската комисија ја одби иницијативата и одлучи дека нема да покрене правни акти за заштита на националните и јазичните малцинства во рамките на „Minority SafePack“. Иако Комисијата во своето образложение нагласува дека почитувањето на правата на припадниците на малцинствата е една од основните вредности на Унијата, таа истовремено смета дека наместо нови правни решенија треба да се инсистира на целосно спроведување на веќе постојните закони и политики што битно ќе придонесе за целите на иницијативата.

Да беше иницијативата прифатена, земјите членки ќе добиеја сојузник во нивните напори за зачувување на своето културно и јазично наследство, ќе можеа на научно ниво да ги споделуваат своите најдобри практики во областа на заштитата на малцинствата, да добијат упатства за најдобрите решенија во образованието, културата и јазикот, и грижата за зачувување на европската културна разновидност би се подигнала на повисоко ниво.

ФУЕН порачува дека нема да отстапи од барањата опфатени со иницијативата, дека ќе се истражат сите понатамошни правни и политички можности против одлуката на Комисијата, но дека и понатаму ќе соработува со неа за подобрување на еднаквоста и човековите права во Европа.

Елизабета Петровска

# Ивона Дуноски Митев нова претседателка на МКД „Илинден“

*Ивона Дуноски Митев доаѓа на местото на долгогодишниот претседател на МКД „Илинден“, Илија Христодулов. Таа досега ја вршеше функцијата потпретседателка на Друштвото и добро е упатена во неговата работа*







Редовното изборно собрание на Македонското културно друштво „Илинден“ од Риека се одржа на 12 февруари 2021 година во просториите на риечкото Градско собрание, каде за нова претседателка беше избрана Ивона Дуноски Митев. Таа доаѓа на местото на долгогодишниот претседател на Друштвото, Илија Христодулов. За потпретседателки беа избрани Лидија Божиќ и Ванѓа Калиќ, а нови членови на Управниот одбор се Данијела Штанфел, Санда Треневска Хрељац, Гордана Квајо и Дражен Тодоровски.

Откако беше разрешено целото претходно раководство на Управниот одбор на МКД „Илинден“, претседателот, потпретседателите и сите членови, Илија Христодулов им се обрати на присутните:

„Мислата водилка за наследник на функцијата претседател, како моја сугестија кон вас, е Ивона Дуноски Митев. Таа е зрела личност и доволно етаблирана и научена да го води ова Друштво како што треба. Ги знае сите програми, ги знае финансиските делови, општите работи, а секако има добро реноме и добри врски со сите институции. Ние остаревме, моите врски се веќе отидени во пензија, така што светот останува на помладите.“

Заблагодарувајќи им се за она што до сега го има постигнато Друштвото, Христодулов истакна дека и натаму останува во МКД „Илинден“ како редовен член и претседател на Заедницата на Македонците во РХ, сè до истекот на неговиот мандат.

## Амбасадори на македонската традиција

Ивона Дуноски Митев заблагодарувајќи се за изразената доверба посочи дека голема чест, привилегија, но и одговорност е да се биде претседател на „Илинден“.

- Јас сум подготвена да го водам „Илинден“ работејќи со сето свое срце, како и до сега, надевајќи се дека во меѓувреме ќе се профилира личност која ќе биде достојна и вредна, да наследи сè што започнаа нашите Илинденци на 13 јануари 1991. Дотогаш, сметајќи на поддршка, заедничка сила и ресурси, ќе ја оправдаме довербата и ќе бидеме и понатаму амбасадори на македонската традиција, јазик и култура, на нашата татковина Македонија, во нашата „домовина“ Хрватска, рече Ивона Дуноски Митев.

На седницата беа прифатени извештаите за работата во претходниот период и извештајот на Управниот одбор за работењето на Друштвото доставени од претходниот претседател и потпретседателката.

На крајот на Собранието, новата претседателка на Друштвото, Ивона Дуноски Митев, подели благодарници на учесниците на настанот „Денови на македонската култура“, што се одржа во 2020 година во отежнати услови предизвикани од пандемијата ковид-19.

Гордана Квајо



# 30. роденден на МКД „Илинден“ во медиумите

Дека МКД „Илинден“, како прво основано македонско културно друштво во Република Хрватска, е респектабилно, признато и почитувано во Риека, Приморско-горанската жупанија и во Хрватска, показател е поканата на локалните медиуми да ги запознаат гледачите и читателите со нивниот голем јубилеј, 30 години постоење.



## Гости во „Канал Ри“

Михаило Давчевски, еден од основачите на МКД „Илинден“ и Ивона Дуноски Митев, потпретседателката на Друштвото, на 11 јануари 2021 година, поканети од локалната телевизија „Канал Ри“, беа гости во емисијата „Планета Ри“.

Тие го најавија својот голем јубилеј, 30. роденден на Друштвото. Михаило Давчевски зборуваше за оние историски денови кога група ентузијасти на 13 јануари 1991 година со основачот Владо Настески ги поставија темелите на МКД „Илинден“.

Ивона Дуноски Митев ја запозна публиката со плановите за одбележувањето на годишнината, за работата на Друштвото денес, успесите, но и со неизбежните тешкотии во работата што се случуваат за време на пандемијата.

## Интервју со Ивона Дуноски Митев

На 3 февруари 2021 година, Ивона Дуноски Митев, потпретседателката на МКД „Илинден“ од Риека, беше гостин на регионалната интернет телевизиска мрежа „Новинет.хр“, која се состои од порталите „Торпедо.медиа“, „ПодУчкун.нет“, „Тунера.инфо“, „Будулија.нет“, „Лахтерна магазин“ и „Тренд51.нет“.

Во емисијата „11 мањекварат“ под водство на Леа Сечен Матошевиќ, Ивона Дуноски Митев ги запозна гледачите со големиот јубилеј на МКД „Илинден“, 30-годишнината од неговото основање, со активностите и со значењето на Друштвото за Македонците кои живеат во Риека и Приморско-горанската жупанија. Таа ѝ се заблагодари на Република Хрватска, ПГЖ и на градот Риека без чија помош не би било можно да се спроведат програмите и активностите, а воедно се заблагодари за гостувањето во емисијата и го покани порталот „Новинет.хр“ и понатаму да ја следи работата на Друштвото.

Гордана Квајо




# Биљана Стојановска во магазинот „Силуети“

„Добриот глас надалеку се слуша“ вели старата народна поговорка.

Дека тоа е навистина така, неодамна се уверивме кога го прочитавме интервјуто во популарниот интернет магазин „Силуети“, со Биљана Стојановска, лекторка по македонски јазик на катедрата за кроатистика при Филозофскиот факултет на Универзитетот во Риека. Тука таа зборува за нејзиниот животен пат од нејзиното детство, па сè до денес, за животот во Риека, активностите во МКД „Илинден“...

Целото интервју можете да го погледнете на следниот линк: https://stilueta.net/grad-znanja-kava-kolac-makedonski-jezik-uz-biljanu-stojanovsku/?fbclid=IwAR1gUDflfdp5MOU-tfJq3qPAXY15C2fYRJ2DO6INdjRNXX_XMr3JNGMB4M

Г. К.



# Творештво на Лидија Димковска на „Врисак“




Македонската реномирана писателка Лидија Димковска гостуваше на 13. издание на риечкиот саем на книги и фестивал на автори „Врисак“, кој оваа година поради пандемијата со коронавирусот наместо во мај се одржа во септември 2020. Димковска учествуваше на настанот под наслов: *На маргината: гласовите на другите*, на кој се разговараше за новоиздадени романи и за Наградата за книжевност што ја доделува Европската Унија. Со оглед на актуелната ситуација посетеноста беше на видно ниво.

Освен Димковска, на овој настан зеде учество и Тања Ступар-Трифуновиќ, а разговорот го водеа Жељка Хорват-Чеч и Вања Кулаш. И двете авторки ги претставија хрватските изданија на своите последни романи – Димковска на *Non-Oui*, а Ступар-Трифуновиќ на *Откако сам купила лабуда*.

Заедничко за двете авторки е што и двете ја имаат добиено Наградата за книжевност на ЕУ и што не творат во својата матична земја. Димковска живее во Љубљана и твори на македонски јазик, а Ступар-Трифуновиќ е родена во Задар и живее во Бања Лука.

Публиката имаше исклучително можност да слушне квалитетен разговор и да си замине облагородена од повеќеслојноста на искажаните мислења. Димковска зборуваше за политичноста на писателот и за неговата судбина – дека тој мора да заземе став за општествените случувања, за изборот што секогаш го имаме, а тоа е изборот Не-Да (надоврзувајќи се на насловот на својата книга *Non-Oui*). Даде свое мислење и за формата на изразување што ја претпочита, при тоа нагласувајќи дека формата го бира писателот, а не обратно, дека поезијата е поелитна и дека бара мир, а дека прозата се пишува според план. Зборуваше и за рецепцијата на книгите кај читателите, дека не секој чита одредена книга во вистинскиот момент, па оттаму секој реагира различно на една иста книга.

На крајот, одговори на прашањето за тоа кои особини според неа треба да ги има литературниот критичар. Нејзината генерална оценка е дека критичарите понекогаш површно читаат, според неа, тие треба да бидат начитани и мора да гледаат 300 години напред во времето и 300 години назад, за да можат да бидат критичари во вистинска смисла на зборот.

Хрватското издание на романот *Non-Oui* кај публиката побуди интерес со својата острумност и искреност. Овој нејзин роман хрватската публика ќе може да го чита во извонредниот превод на проф. д-р Борјана Прошев-Оливер.

Биљана Стојановска

# „Гради на цврсти темели“

***Онлајн предавањето како подготовка за Светскиот молитвен ден на 24 февруари го одржа Јулијана Младеновска Тешија, предавач по филозофски предмети на Високото евангелско теолошко училиште во Осиек***




„Секој што ги **слуша овие мои зборови и ги извршува**, може да се спореди со мудар човек кој гради куќа на карпа... Удрија поројни дождови, надојдоа потоци, дувнаа ветрови и се залетаа кон куќата, но таа не се сруши, бидејќи беше изградена на карпа... Напротив, секој што **ги слуша овие мои зборови и не ги извршува**, може да се спореди со луд човек кој гради куќа на песок. И голема пропаст ќе ја снајде...“, Евангелие по Матеј 7: 24-27.

На 24 февруари 2021 година во 19 часот, како подготовка за Светскиот молитвен ден, се одржа онлајн предавање на тема „Гради на цврсти темели“, Евангелие по Матеј 7: 24-27. Предавањето, односно, библиското толкување го водеше Јулијана Младеновска Тешија, Македонка, која живее и работи во Осиек. Таа е предавач по филозофски предмети на Високото евангелско теолошко училиште во Осиек. Дипломирала филозофија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и магистрирала теологија на Високото евангелско теолошко училиште во Осиек (Христос и ненасилство). Специјализирала решавање конфликти на Универзитет во Осло и завршила и училиште за односи со јавноста во Лондон.

На предавањето учествуваа околу 40 жени од Србија, Босна и Херцеговина, Словенија и Хрватска, а на покана на организаторите, присуствуваа и членките на МКД „Илинден“, Гордана Квајо и Надица Шалевска како претставничка на Македонската православна црковна општина „Св. цар Константин и царица Елена“ од Риека. Тие со задоволство одговорија на поканата и активно учествуваа на оваа многу интересна и поучна онлајн средба.

Гордана Квајо

# 30-годишна активност на МКД „Македонија“

*Одржана е првата седница на Управниот одбор на МКД „Македонија“, на која е договорено на кој начин ќе се организира централната културна манифестација „30. Денови на македонската култура“ во Сплит*



Во новата 2021 година Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит својата работа ја започнува со одржување на првата седница на Управниот одбор. Иако сѐуште е забрането организирање на големи јавни собири и е во сила почитувањето на епидемиолошките мерки за спречување на ширењето на заразата со коронавирусот, на седницата првенствено се расправаше за одржувањето и одбележувањето на 30 години од постоењето на МКД „Македонија“ од Сплит.

Претседателката Венка Цанко состанокот го започна со договор за реализација на манифестацијата „30. Денови на македонската култура“ во Сплит. Со оглед на тоа дека претходната година беа откажани сите културни манифестации, оваа година на почетокот на годината се реализираа „Василица – Стара Нова година“, „Св. Трифун и св. Валентин“, како и „Денот на жената“. Сите активности беа реализирани со ограничен број на членови и со придржување кон епидемиолошките мерки.

Потпретседателката на МКД „Македонија“, Марта Жаја, посочи дека и културниот аматеризам на Друштвото сѐуште не може да се реализира, секциите не можат да започнат со одржување на проби и настапи, но се надева дека набрзо ќе започнат со својата работа и ќе имаат доволно време за подготовки на активностите што следат.

## Концерт

Во рамките на манифестацијата „30. Денови на македонската култура“ се планира и обележување на 15-годишното постоење на фолклорната секција, која дејствува во рамките на Друштвото, па се надеваат дека ќе бидат во можност да реализираат концерт со изведби на сите секции на Друштвото.

На состанокот беше договорен и планот за обележување на културната манифестација „30. Денови на македонската култура“, кој се темели на одржување на свечена академија и предавање за значењето на светите Кирил и Методиј, нивната мисија и значење, претставување на неколку уметника, изложби од меѓународен карактер, музичка работилница, како и претставување на кулинарски македонски специјалитети.

На оваа седница се разговараше и за другите активности што треба да се реализираат во наредниот период, како „Деновите на македонскиот филм“, и „Деновите на македонската есен“ во Сплит.

Членовите разговараа и на тема афирмација и промоција на Друштвото, како и за други теми. На седницата беа присутни скоро сите членови на Управниот одбор. Претседателката Венка Цанко, седницата ја заврши со искажување на благодарност до членовите што присуствуваа на состанокот, со надеж дека оваа година ќе биде подобра од претходната и дека ќе успеат да го реализираат замисленото.

Марта Жаја

# Мирјана Мајиќ и натаму претседателка на МКД „Билјана“



*Мајиќ е и претставничка на македонското национално малцинство во Задарската жупанија, водителка на литерарно-драмската секција „Записи со љубов“ при МКД „Билјана“ Задар, членка на Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ, дводомна поетеса која пишува на македонски и на хрватски јазик*

И во наредниот четиригодишен период претседателка на Македонското културно друштво „Билјана“ од Задар останува Мирјана Мајиќ, која оваа функција ја врши од 2005 година. Веќе искусна и докажана во водењето на Друштвото кое функционира во рамките на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, под нејзино водство се одржани бројни настани и културни манифестации со што македонската заедница во Задар и во Задарската жупанија стана препознатлива и составен дел од активните малцинства во овој дел од Хрватска.

Мајиќ е и претставничка на македонското национално малцинство во Задарската жупанија, водителка на литерарно-драмската секција „Записи со љубов“ при МКД „Билјана“ Задар, членка на Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ, дводомна поетеса која пишува на македонски и на хрватски јазик. Има издадено три стихозбирки, а нејзините песни се објавувани во бројни списанија во Хрватска, Македонија и во други земји. Добитничка е на бројни награди и признанија.

Одлуката за повторен избор на Мирјана Мајиќ за претседателка на Друштвото беше потврдена на 13 март, кога беше одржано Редовното изборно собрание на МКД „Билјана“ од Задар.

По сите точки на дневниот ред немаше никакви забелешки и усвоени се едногласно. За потпретседателка на Друштвото е избрана Мимоза Јевремовиќ, а за членови на Управниот одбор: Драган Јакимовски, Марија Хорват и Јелена Петровиќ.

На седницата беше усвоен и новиот Статут на Друштвото, во кој веќе нема Надзорен одбор и Суд на честа. Седницата се одржа според сите мерки на Стожерот за цивилна заштита од ковид-19.

Антонела Галиќ

# И Македонците од Сплит ја покажаа својата солидарност

Како што сите знаеме, на 29 декември 2020 година градот Петриња и околните места ги погоди силен и катастрофален земјотрес, а со тоа се промени и животот на сите тамошни жители. Со оглед на катастрофата и земјотресот од 1963 година кој го погоди и разруши главниот град на Македонија, Скопје, Македонците знаат колку се тешки тие моменти, како и тоа колку е потребна и најмала помош во тој момент.



Се обедини цела Хрватска, се обединија и Македонците кои живеат во Сплит. На 10 и 11 јануари во просториите на Македонското културно друштво „Македонија“ во Сплит беше организирана хуманитарна акција во која најголем придонес дадоа неговите членови. Собраните средства и помош во најбрз можен рок беа доставени до погоденото место со надеж дека и најмала солидарност и помош ќе им помогне и барем малку ќе им олесни на жителите на градот Петриња и околните места во овие, за нив, најтешки мигови.

М. Ж.

# Поезија и рози за 8 Март во Задар

*Во рамките на културната манифестација „XVIII. Денови на македонската култура“ во Задар беше одбележан Меѓународниот ден на жената*



Мирјана Мајиќ



Мелика Поповиќ



Марија Ивош

МКД „Билјана“ од Задар го обележа Меѓународниот ден на жената – 8 Март, со почитување на сите епидемиолошки мерки во време на короната. На настанот, претседателката на Друштвото, која водено е и водителка на литерарно-драмската секција „Записи со љубов“, Мирјана Мајиќ, направи осврт за одбележувањето на празникот посветен на жените и како се почитувани денес жените кај нас и во светот. Меѓу другото, таа истакна дека оваа година по 110. пат се обележува Денот на жената во светот.

„Не е секаде подеднакво почитувана жената. Има земји каде што жените се уште потчинети, малтретирани и немаат никакви права. И ден денес се борат за родова еднаквост. И во Хрватска има злоупотреба на жени и секојдневно се среќаваме со такви проблеми. А жената е столб на домаќинството. Можеме да наброиме многу жени кои имаат големи титули, вклучени се во политиката и во сите сфери на општеството“, посочи Мајиќ.

## Песни посветени на жената

Во програмата беше застапена и поезија, се читаа песни за мајките, сестрите и воопшто за жените. Членките на литерарно-драмската секција, Мелика Поповиќ и Мирјана Мајиќ, како и гостинката поетеса, членка на словенското друштво „Липа“ од Задар, Марија Ивош, прочитаа свои песни токму за оваа прилика.

Тивко, но се запеа и песна.

Членките од етно работилницата „Ѓерѓев“ и овој пат се искажаа со своето кулинарско знаење, па така на масата се најдоа пити, колачи и други специјалитети.

Мирјана Мајиќ, како претставничка на македонското национално малцинство во Задарската жупанија, им подари рози на жените. Им посака среќен Ден на жената и уште многу години да се среќаваат и да се потсетат на улогата на жените, како во семејство, така и во општеството.

Антонела Галиќ

# Денот на жената одбележан со дружење

Пандемијата не можеше да ги спречи и оваа година членките на МКД „Охридски бисер“ да го прослават Меѓународниот ден на жената. Претседателката на Друштвото, Виолета Штерјова, ги повика на пријатно попладневно дружење, овој пат не во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, туку во центарот на Загреб, во едно од бројните кафулиња кои тукушто ги отворија терасите за своите гости.




„На сите наши членки, на сите жени, мајки, сопруги и пријателки им изразувам искрени честитки по повод празникот 8 Март, со поддршка во борбата за рамноправност и солидарност, и против било каква дискриминација и омаловажување. Улогата на жената во денешното општество е голема и важна, и треба да ѝ се овозможи достоинство и почит“, нагласи претседателката Штерјова.

Таа им подари на членките по една роза, а дружењето го искористија да продискутираат за оваа тема, како и за учеството на жената во активностите на МКД „Охридски бисер“.

Е. П.

# Музика и поезија за Денот на жената

Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула со сите мерки на Националниот стожер на Истарската жупанија предвидени за заштита од коронавирусот, и оваа година го одбележа Меѓународниот ден на жената – 8 Март во просториите на Друштвото, во рамки на „Деновите на македонската култура“ во Истра.



Програмата беше отворена со македонска музика на оркестарот на Друштвото. На хармоника свиреше Руди Ерготиќ, виолина Сречко Савретиќ и бас гитара Зоран Гардашевиќ, професор. Присутните ги поздрави претседателот на Друштвото, Тодор Брдарски.

Програмата ја водеше Милена Златеска, потпретседателка на Друштвото, која започна со цитат од Библијата наменет на жените „Ако сопругот не ја сака својата сопруга, не се сака ни себе“. Потоа зборуваше и за жената низ историјата и за нејзината борба за права, а прочита и своја поезија наменета за оваа прилика. „Да остане или да замине“, песна посветена на жената дискриминирана и малтретирана, за жал, во своето семејство и песната „На мојата мајка“, која зборува за најголемата улога на жената во нејзиниот живот, да биде мајка.

За жената зборуваше и Бранка Рожман, а своја поезија читаше и Грацијела Путина. Покрај македонските песни и ора, се слушна и истарска музика на усна хармоника што ја свиреше Драго Драгузет, а читаше и своја поезија. Програмата заврши со песна и оро кое беше заиграно на необичен начин, без држење за рака и на растојание. Не беа изоставени ни подароците за присутните жени што им ги подели претседателот на Друштвото, Тодор Брдарски кој, честитајќи го празникот, нагласи дека жената е важна секој ден, а не само на овој ден.

Михаела Златеска

# Жената треба да ги ужива своите права секој ден

Меѓународниот ден на жената е светски празник што се одбележува секоја година на 8 Март. Тоа е ден кога се одбележува борбата на жените за економска, политичка и социјална рамноправност со мажите. Кога би се вратиле назад, историски идејата за одбележување на посебен ден посветен на жените потекнува од почетокот на 20. век, а на неа посебно инсистираше социјалистичкото движење.

Првиот Ден на жената е одбележан на 28 февруари 1909 година во САД по иницијатива на Социјалистичката партија на Америка. Во 1910 година под закрила на Втората интернационала во Копенхаген е одржана Првата меѓународна конференција на жените и на неа е одлучено да се прославува Меѓународен ден на жената, но без да биде утврден точен датум. Следната година, на 19 март 1911, овој празник по прв пат е прославен од страна на повеќе од милион луѓе во Австрија, Данска, Германија и Швајцарија. На 8 март 1913 година жените ширум Европа одржуваат мировни собири, а 1957 година е прогласена за Меѓународна година на жената и ОН од тогаш официјално го одбележуваат овој празник.

Меѓународниот ден на жената – 8 Март иако во услови на пандемија, во помал број, сепак беше одбележан во просториите на Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит. Се читаа текстови посветени на жената, а вообичаено на овој ден се подаруваат цвеќе и подароци.

„Најважно од сè, сепак, беше дружењето помеѓу членовите. Секој ден е денот на жената. Жената треба да се почитува и сака секој ден од годината, а 8 Март е само добар потсетник за тоа“, истакна претседателката на Друштвото, Венка Цанко.

Марта Жаја



Фото: архива

# Милан Бандиќ одигра исклучителна улога за Македонците во Загреб



Ден на независноста на Македонија 2019 г.



На Велигденска изложба во 2017 г.

**Загрепскиот градоначалник Милан Бандиќ, кој по многу нешта ќе остане запаметен во Загреб, Хрватска и пошироко, македонската заедница во Загреб ќе го помни по добри дела**

Градскиот татко на Загреб, ни помалку, ни повеќе туку 21 година го водеше главниот град на Хрватска. Период во кој се провлекуваа разни позитивни работи, оти загрепчани не би гласале на избори токму тој да го води нивниот град, но за неговото име се врзуваа и некои афери.

Загреб стана метропола препознаета во светски рамки и бројни градоначалници можеа многу да учат од големиот градски татко. Во овој текст нема да се задржуваме на недостатоците во неговото работење, тоа не ни е целта. Овде би сакале да направиме ретроспектива на Милан Бандиќ како градоначалник и на неговиот однос кон малцинствата во Загреб, конкретно кон македонското национално малцинство, бидејќи бројни Македонци живеат токму во главниот град на Хрватска.

Во Загреб е и седиштето на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, каде македонското национално малцинство организирано дејствува во пријателска Хрватска, а градоначалникот Бандиќ лично присуствуваше на бројни културни настани што ги организираа Македонците.

## Ја сакаше Македонија

Костадинка Велковска, актерка и шансониерка, беше долгогодишна соработничка на загрепскиот градоначалник, кој



Велковска и Бандиќ

животот го заврши во својата 66-та година. Таа со особен пиетет зборува за него.

- Милан го знам уште кога беше студент. Тој беше една исклучително позитивна личност која ја почитуваше и сакаше Македонија и Македонците. Бидејќи два мандата бев ангажирана во Театарскиот совет во „Гавела“, а исто така, бев и претседателка на Театарскиот совет на Загрепскиот театар на млади, честопати се среќававме со Милан на разни културни случувања, се присетува Велковска.

Таа додава дека во 2013 година градоначалникот Бандиќ ја ангажирал да ја води делегацијата од Загреб, составена од раководители на сектори во Град Загреб и познати соработници со Македонија, на одбележувањето на 50-годишнината од скопскиот земјотрес.

„На многу настани знаеше мене да ме испрати како долгогодишна соработничка и јас се обраќав во негово име кога тој не можеше да се појави, а понекогаш одевме и заедно. Бандиќ Македонците во Загреб исклучително добро ги прифаќаше и доста финансираше за изградбата на Македонската православна црква во Загреб. Многу треба да му бидеме благодарни за сè она што го направи за Македонците. Беше присутен и на „Македонските вечери“, на верски празници, ја обожаваше македонската музика и навистина уживаше во неа. И другите малцинства кога организираа настани тој се појавуваше. Сметам дека одигра исклучително посебна улога за Македонците и вистински се залагаше за Загреб“, додава Велковска.

## МПЦ и Бандиќ

Во најпозитивна смисла Македонската православна црква има спомен кон градоначалникот Милан Бандиќ. Тој не само што беше присутен на верските празници што се одбележуваа во Загреб, туку одигра и клучна улога во изградбата на првата Македонска православна црква во регионот надвор од границите на Македонија. Добитник е и на високото признание на МПЦ, орден на Свети Климент од прв ред, кое му беше доделено на ду-



На последниот Божиќ во црква



*Во Скопје на доделувањето на орденот*

ховната академија во Скопје на 7 декември 2016 година – денот посветен на св. Климент, каде што во делегацијата беше и протојереј ставрофор Кирко Велински.

– На секој Божиќ, Велигден и на секоја прослава на Македонската православна црковна општина „Св. Злата Мегленска“ од Загреб, градоначалникот Бандиќ доаѓаше. Беше присутен и на последниот Божиќ со нас во црква. Искажуваме голема почит кон него. Значи, првиот човек во Загреб доаѓа да покаже добредојде на Македонците од овој град во името на сите загрепчани и во свое име и тоа е за огромно почитување, ни рече протојереј ставрофор Кирко Велински.

Благодарение на заложбите на Бандиќ, Град Загреб во два наврати уплати финансиски средства и тоа во 2014 година – 400 илјади куни и во 2015 година уште 800 илјади куни. „Тоа се донациите од Град Загреб, значи вкупно 1.200.000 куни. Земјата ние сами ја купивме во износ од 1.464.000 куни и тоа преку јавен повик. И сета процедура помина преку Градското собрание на Град Загреб, и тоа одлуката едногласно беше усвоена, гласаше и опозицијата, што беше еден убав сигнал од сите. И тоа е вистината околу изградбата на црквата и донациите од Градот, како и улогата на Бандиќ како градоначалник“, додава отец Велински.

Тој вели дека локацијата за изградба на верски објект ја барале две години, а загрепскиот градоначалник давал несебична поддршка на соработниците од надлежните канцеларии за да се изнајде решение.

– МПЦ-ОА во 2016 година го одликуваше градоначалникот Милан Бандиќ со орден на Свети Климент од прв ред, а одликувањето го доби во Скопје, како благодарност за придонесот во изградбата на МПЦ во Загреб. Тоа беше 25 орден во 50-годишното постоење на МПЦ-ОА, а Бандиќ оваа одликување го заслужи без исклучок, додава отец Велински.

Тој го потенцира и континуираниот коректен однос со градоначалникот Бандиќ и пред да дојде во Хрватска.

МПЦ во Хрватска беше застапена на комеморацијата и на погребот на Милан Бандиќ, што се одржа во Загреб. А во телеграмата со сочувство упатена до Град Загреб од страна на архиепископот охридски и македонски г.г. Стефан, меѓу другото, е наведено: „Големината на луѓето се мери по делата што остануваат по нив, а господинот Бандиќ остави трајни дела коишто долго ќе сведочат за него, и како човек, и како прв граѓанин на хрватската престолнина“.

## Вистински пријател и голем добротвор

Соработката на Заедницата на Македонците во Република Хрватска со градоначалникот на Град Загреб секогаш беше коректна и успешна. Во 2016 година на прославата по повод 25-годишнината од основањето на Заедницата на Македонците во РХ, на Милан Бандиќ му



*Последен поздрав*

беше доделена благодарница за несебично залагање, придонес и афирмација на Заедницата на Македонците во РХ.

Во бројните телеграми со изрази на сочувство до семејството и соработниците, беше и упатената од Заедницата на Македонците во Република Хрватска.

„Како што беше неуморен во својот 21-годишен мандат во водењето на Загреб, така беше неуморен и во давањето поддршка на националните малцинства во РХ. Беше вистински и искрен пријател на македонското национално малцинство во РХ, голем добротвор и поддржувач на нашите активности и програми, на што сме му бескрајно благодарни. Со неговото заминување останува ненадминлива загуба за сите нас кои ја почитуваме и цениме неговата работа“, е наведено меѓу другото, во телеграмата од Заедницата на Македонците во РХ.

Претставници на Заедницата на Македонците во РХ се запишаа во книгата на жалост.

Милена Георгиевска

## Петре Шилегов на погребот на Бандиќ во Загреб

Скопскиот градоначалник Петре Шилегов допатува во Загреб да му одаде последна почит на својот загрепски колега.

Тој заедно со градоначалниците на Сараево, Љубљана, Белград и Сплит, присуствуваше на погребната церемонија за градоначалникот



Милан Бандиќ на 3 март, испраќајќи го на неговото вечно почивалиште на гробиштата „Мирогој“.

# Чувари на традицијата

Црвено-белите амајлии изработени од усукани конци, попознати како мартинки, се наше македонско национално нематеријално културно наследство, а од декември 2017 година, како дел од заедничката номинација на Македонија, Бугарија, Романија и Молдавија, како „Културни практики поврзани со 1 март – Мартинки“ впишани се и на Репрезентативната листа на нематеријалното културно наследство на човештвото на УНЕСКО, со што стануваат дел од светското нематеријално културно наследство и одговорност на целото човештво за негување на оваа исклучителна традиција.

Мартинките се подаруваат на македонскиот народен празник Летник, кој се празнува на 1 март по стариот календар и е поврзан со враќањето на птиците преселници од јужните краишта во Македонија. Овој празник во народните верувања е весник за почеток на пролетта, односно периодот на цутењето на дрвјата и почетокот на земјоделските работи. Токму затоа, Македонците ја сметаат мартинката за знак на пролетта. Според старата македонска традиција, се изработува од волница во црвено-бела боја, каде црвената ја симболизира крвта и љубовта, а белата асоцира на чистота и искреност.



И оваа година, и покрај пандемијата на коронавирусот кога нема активности поради епидемиолошките мерки кои се на сила, скромно но сепак, членовите на етно работилницата „Разбој“ при МКД „Охридски бисер“ од Загреб, не го пропуштија овој стар обичај на правење мартинки. Тие како верни чувари на традицијата направија најразлични украсни декорации, белегзии и брошови, за кои се верува дека носат среќа и добро здравје.

Е. П.

# Мартинки за среќа



МКД „Билјана“ од Задар и во време на короната настојува да ги одржи своите активности, со почитување на сите епидемиолошки мерки. Така, на 2 март 2021 година водителот на етно работилницата „Ѓерѓев“, Драган Јакимовски, ги повика членовите на работилницата во просториите на Друштвото, како и секогаш, традиционално да изработуваат мартинки. Како што самото име зборува, мартинките во Македонија се изработуваат на почетокот на месец март, како најава на пролетта и се подаруваат на блиски личности и на оние што ги сакаме.

Во текот на изработката на мартинките, претседателката на МКД „Билјана“, Мирјана Мајиќ, раскажуваше како се прават мартинките од црвена и бела волница, се ставаат на ревери, околу рака – исплетени како нараквици, се ставаат на гранки од дрвјата, а сето тоа поради верувањето дека носат среќа и бериќет.

Со голем интерес за оваа традиција слушаа членовите кои не се од македонско потекло, но и Македонците кои повторно се присетуваа на обичаите од татковината.

– Кога бевме млади се натпреварувавме чии мартинки се најубави. Знаевме да ставаме и по некои топчиња, црвени или бели за да изгледаат поубаво. Мартинки во наше време можеа и да се купат, само беше голема радост да ги изработиш сам и тоа беше нешто најубаво, рече Мајиќ.

Марија Хорват, иако не е Македонка, најубаво се снајде во изработката. Ништо не е тешко кога работиш со љубов. Со кафе, сок и колачи беше многу интересна и забавна работата низ дружењето.

Антонела Галиќ

# Кога љубовта се бара меѓу цветовите





*Традицијата на мартинките, пролетните празници и несреќната љубов на македонскиот бог Македон и божицата Ксантија*

Љубовта и цветовите ни станаа нераскинливо поврзани. Кога сакаме некому да искажеме љубов, било да е тоа за некаква посебна прилика или во секојдневен обичен ден, даруваме цвет, букет цветови, шарени, убави, мирисни – за родендени, свадби и за разни други прилики и веселби.

Така некако ни останало од традицијата. А цветовите најчесто се поврзуваат со пролетта и ретко кој би можел да остане рамнодушен на убавината и мирисите на цвеќињата.

## Подарете мартинка и направете некого среќен

Март е месецот кој ја најавува пролетта. Во минатото, првиот ден од месец март Македонците го славеле како празник на пролетта, љубовта, цвеќињата и убавината. Во чест на први март, девојките и жените плетеле алки – мартинки. Традиционалните мартинки што се прават на овој ден ја симболизираат пролетта, но и доброто здравје. Со конец се изработуваат разновидни фигури во црвена и бела боја, меѓу кои најпозната е фигурата на момче и девојче.

Се верува дека овој обичај на изработка на мартинки, доаѓа од македонскиот празник Ксантика. Нашиот народ верувал дека токму на овој празник се случувало „прочистување на душата“. Овде е поврзаноста и со симболиката на пролетта кога се буди природата, денот станува подолг и доминира пролетната светлина над зимската темнина.

Многу баби, па и мајки во некои краишта во Македонија сè уште ја негуваат традицијата и на своите деца им подаруваат мартинки за добро здравје. Мартинки се закачувале и на стоката, и на дрвјата за да дадат добар род.

## Љубовта на Македон и Ксантија

А постои и верување за една несреќна љубов, како што укажува една легенда која ја одбравме за оваа прилика, поврзана со пролетта, цветовите, љубовта и мартинките – тие прекрасни исплетени украси од бела и црвена волница.

Имено, според преданието, Ксантија била божица на сите цвеќиња, на љубовта и убавината. Во неа бил вљубен македонскиот бог Македон, но откако злите сили ја претвориле Ксантија во цвет, Македон секоја пролет ја барал својата љубов на сите ливади и полиња, покрај сите бистри потоци и реки, во сите градини во својата земја Македонија.

Во чест на оваа необична и несреќна љубов на Македон и Ксантија, Македонците првиот месец на пролетта го нарекле Ксант, а пролетниот празник Ксантика. Денеска, делови од овој празник може да пронајдеме во празнувањето на Прочка, Младенци, Благовец, Лазарица, Цветници и неколку други празници што се прославуваат во текот на пролетта.

М. Г.







# Душата ми трепери кога слушам македонска музика

*Така вели Гордица Михајловска, водителка на етно работилницата „Разбој“ и членка на пејачката група „Моми бисерни“ при МКД „Охридски бисер“*



Таа е жена со мила насмевка и вешти раце. Тивка и ненаметлива, но секогаш спремна за дружење и за помош во работите. За неа и од неа ќе слушнете само убав збор. Нејзиното име е Гордица Михајловска.

Родена е на Василица во 1948 година во Куманово. Македонка, од македонско семејство со една сестра, живее и се школува во родниот град, каде завршува средно економско училиште. Во Куманово и се мажи за нејзината љубов, Македонецот Крумче. Бидејќи сопругот е воено лице, неговата работа во 1967 година ги доведува во Загреб. Гордица се вработува во ФИНА. Во брачниот живот добиваат две деца, ќерката Јасминка и синот Дарко. Тие пак, основаат свои семејства и животот го продолжуваат во Милано во Италија. Гордица станува баба, од ќерка ѝ добива една внука, а од син ѝ три внука. Сопругот Крумче за жал, починал пред 13 години и Гордица останува сама да живее во Загреб. Ги посетува децата, ја посетува Македонија, Куманово, бар два пати годишно и така некако издржува. Но, како пензионерка, деновите во Загреб бавно ѝ поминуваат.

## Заеднички дружења

И тука се случува МКД „Охридски бисер“. Уште од самите почетоци е членка на Друштвото. Активна е во работата како водителка на етно работилницата „Разбој“. Рачната работа ѝ лежи уште од дете. Нема што не знае да сплете или извезе, а својата умешност и знаење со задоволство ги споделува со другите членови на секцијата. Заедно изработуваат разнообразни ракотворби: везени честитки, милеа, плетени торби, брошови, мартинки, перничиња за столици и слично, секаков кујнски прибор, украсни предмети и друго.

„Сѐ што е македонско, сѐ обожавам“, вели Гордица. Таа е членка и на пејачката група „Моми бисерни“. Самата вели дека за неа нема ништо поубаво од тоа да запее македонска песна. „Душата да ти затрепери, солзи да ти потечат“, носталгична е Гордица секогаш кога ќе ги слушне песните „Кумановке“, „Македонско девојче“ или „Зајди, зајди јасно сонце“. Освен тоа, вклучена е и во организацијата на манифестациите, помага во средувањето на просториите, тука е за сѐ што е потребно.

„Ги сакам луѓето, а најповеќе ги сакам нашите заеднички дружења“, вели таа, „тогаш најубаво се чувствувам“.

Пандемијата на коронавирусот минатата година ги спречи дружењата, но контакти меѓу членовите се одржуваа за цело време.

„Многу ми недостасуваа, но ќе помине и ова и пак ќе продолжиме да се дружиме како и порано преку активностите на Друштвото“, оптимистично заклучува Гордица.

Елизабета Петровска



# Упорноста ја води до злато



***Спортистката Микела Ристоски, која живее во Пула, сега има 31 година, а Македонското културно друштво од Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ постојано ги следи нејзините успеси кои се во светски рамки***

Бројни медали и признанија во светски и европски рамки завршија токму во нејзините раце. Микела по потекло по својот покоен татко Живко Ристоски е Македонка, а нејзината мајка Марица е од Истра, па со години наназад ова семејство се членови на Друштвото и се вклучени во неговата работа и активности. И Микела, кога ѝ дозволува времето, присуствува на програмите на МКД „Св. Кирил и Методиј“, а ние со гордост ги следиме нејзините успеси.

Сега Микела се подготвува за Токио, каде што треба да се одржат Олимписките игри 2021 планирани во септември, каде што таа ќе го брани својот личен рекорд во скок во далечина од 5,79 метри за што освои златен медал во 2016 година на Параолимписките игри во Рио де Женеиро.

Микела е атлетичарка на клубот „Акоси“ од Медулин, а во својата колекција има параолимписко, светско и европско злато. Таа беше во тесен круг за избор за десетгодишен спортист со инвалидитет, но не беше избрана, што секако не влијаеше на нејзината упорност и мотивација за успех.

## Гордост за Македонците

Како за сите спортисти така и за Микела минатата година, а и оваа, се доста тешки, тренирањето е напорно, а за време на коронавирусот уште повеќе. Некогаш тренира и по два пати на ден по два до три часа, а кога тренингот не може да се одржи во сала, таа тренира дома и трча.

Последните 13 години главно се насочени кон спортот, а почетокот е од нејзините средношколски години. Тренер ѝ е Даниал Темим, со кој ги има постигнато своите најголеми успеси. Нејзина голема поддршка се нејзината мајка и братот. За нејзините големи постигнувања Градот Пула во 2018 година ѝ додели стан на користење во траење од пет години. Истата година Истарската жупанија ја прогласи за најдобра спортистка со инвалидитет, а од Хрватскиот параолимписки одбор доби признание за најуспешна спортистка со инвалидитет во Република Хрватска.

Преголема е гордоста на Македонците во Истарска жупанија што имаат една ваква личност која остварува големи успеси, а се надеваме дека и оваа година есента ќе биде плодна со голем успех и драгата Микела пак ќе донесе злато.

Михаела Златеска





ICC 3D d.o.o.
DEZINFEKCIJA • DEZINSEKCIJA • DERATIZACIJA
Radnička cesta 75 • 10000 Zagreb
tel.: 01/60 40 100 • fax: 01/60 40 103
mob: 091/5251 141
e-mail: icc-3d@icc.hr
Razlika koja se vidi.
Savršeno je moguće.

# Спортистка, бранителка, сопруга и мајка – жената со ведар дух

*Патиштата Божји се чудни. Тоа за себе може да го кажат многу луѓе. Но, Елизабета Ерцеговац, родена Коркутоска, Македонка во Хрватска, има исполнет и динамичен живот и поминала навистина чудни патишта*

Родена е во Охрид, а животот го поминала во Струга. Потекнува од познатата стара струшка фамилија Коркутовци. Нејзиниот дедо Митко бил познат кувенција, таткото Миле, мајката Валентина и братот Александар, како и нејзините двајца чичковци, сите биле познати спортисти во пливање и трчање, па така, и таа од мали нозе почнала да се занимава со спорт.

Потоа се случила една војничка љубов која ја донесе во Хрватска, поточно во Киево, од каде е нејзиниот сопруг Ивица, кого го запознала додека бил во војска во Македонија.

## Брилијантни успеси

Пливање, карате, рибарење, се само дел од спортовите со кои се занимавала Елизабета и каде постигнувала брилијантни успеси во осумдесеттите години, во времето на нашата заедничка држава. Била првак во Македонија во пливање, а на европско првенство за младинци во тогашна Чекословачка освоила второ и трето место во две дисциплини: 100 метри слободно и 400 метри мешано. Била и најмлад крводарител во Југославија. За своите успеси и постигнати резултати има бројни награди и признанија, медали и пехари.







Обожава музика, читање, готвење, цртање (црта ликови за илустрации на басни и бајки), мајка е на четири, сега веќе возрасни деца. Работи како виш полициски наредник во сообраќајна полиција во Полициската управа на Шибенско-книнската жупанија и со својот сопруг Ивица и четирите деца Фране, Анте, Миле и Кристина живеат во Шибеник.

## Македонката која го бранеше Киево

Цело време додека траеше Татковинската војна во Хрватска, Елизабета остана покрај својот сопруг во Киево и околината, бидејќи љубовта кон сакаsuccaниот беше посилна од сè. Помина тежок, стресен и страшен период од животот кој, фала му на Бог, сега е зад неа.

- Од Македонија дојдовме во Киево, во срцето на Далматинска загора. Таму ни се роди и првото дете, а набргу потоа почна војната. Од април 1991 година бев доброволец и бранител на Хрватска, мојата втора татковина. И како во секоја војна, како население доживеавме страшни ужаси. Добивме наредба да се повлечеме од своите домови во кампови кои беа на ридот, поради безбедност. Јас често останував во амбулантата да им помогнам на ранетите, со уште три жени. Кај српското население не бев омилена личност, дури ме нарекуваа усташ; моите родители добиваа анонимни закани дека ќе ги убијат, а синот тогаш како мало дете беше со моите родители во Струга, се присетува Елизабета, која воедно, во тоа време била и трудна со своето второ дете.

Бидејќи го познава англискиот јазик, кога доаѓале стран-





ски екипи, како што биле од BBC, CNN и многу други, вршела улога и на преведувач, но често давала и изјави за текот на акциите.

- Јас последна се повлеков од Киево, пукаа на кампот, па преку Козјак и Свилаја се повлекувавме во местата Градац и Отавице на Дрнишкото подрачје. Мене целата таа ситуација многу тешко ми падна, бидејќи бев трудна. Во еден момент одлучив да му го побарам пиштолот на сопругот, да го имам кај себе, во случај ако паднам во рацете на непријателите, одма сама да се убијам. Тоа беше многу тешка ситуација, додава Елизабета.

Од особено емотивните моменти кои ги доживеала во тој период од животот ги издвојува спасувањето на едно бебе, од нејзината сосетка во Киево, кое го носела на раце со километри преку планина, во некои периоди буквално спиејќи и одејќи.

## Трауми од војната

„Од тогаш носам и една страшна траума. Имено, со часови се немав напиено вода, многу бев жедна, и кога дојдовме кај бунарите кај Отавице, мислам се преродив. Тоа чувство до ден денес ме следи и постојано имам шише со вода во мојата чанта, каде и да одам. Ако останам без вода, ме фаќа паника и рацете ми се тресат“, раскажува Елизабета.

Но, на маките овде не им е крајот. Откако паднало Киево, со сопругот тргнале по различни патишта да се повлекуваат, Елизабета дошла во Сплит, а Ивица во Шибеник. Потоа следувале шокови. На нејзиниот сопруг му јавиле дека Елизабета е мртва, а таа пак, добила информација дека Ивица погинал. По извесен период нејзиниот татко копајќи по информации од хотел во хотел, и во разни места каде биле сместени бегалци, успеал да ги пронајде и поврзе сопружниците. Кон крајот на август 1991 година, со сопругот дошле во Шибеник и се сместиле во Цветен дом.

Но, и во Шибеник, исто така, добивала анонимни заканувачки пораки. Помош побарала од Стипе Месиќ, кој тогаш бил потпретседател на Претседателството на СФРЈ и му рекла дека е прашање на живот и смрт, бидејќи се работело за нејзиното малолетно дете кое било во Струга кај нејзините родители. Драмата во семејството Ерцеговац и Коркутоски и натаму траела, па Елизабета успеала по некои канали од Австрија да дојде со авион до Македонија, бидејќи воздушниот простор над Хрватска тогаш беше затворен.

- Отидов со една кесичка и позајмена облека по детето во Македонија. Кога ме виде татко ми не можеше да им верува на своите очи, бидејќи тие мислеа дека сум мртва. Дојдов еден ден после свадбата на брат ми во Македонија, па целата моја посета беше многу емотивна. Детето не ме пушташе ниту еден момент, само викаше – мамо, мамо!, додава Елизабета.

Сега сите ужаси од војната се останати зад нив и целото семејство е свртено кон иднината.

Милена Георгиевска

## Свртени кон иднината

- Сега гледаме на сегашноста и иднината. Имаме деца кои се наша гордост и во нивните очи ја гледам светлата иднина на оваа држава, додава таа.

Елизабета е личност со многу ведар дух и денес ужива во секој момент од нејзиниот живот. Активна членка е на невладината организација „Хрватско-македонска тангента“ и секогаш дава свој придонес во активностите на организацијата. Се радува на средување на нејзиниот двор околу куќата во Шибеник, каде може да се најдат јагоди, цреши и друго овошје и зеленчук, разни мирудии и убави цвеќиња. Се радува на семејните дружења, дружењата со пријателите, на посетата на нејзините роднини во текот на летниот период од Македонија, Словенија и Хрватска. Ја обожава Македонија и сè што е македонско, но и Хрватска. Таа е и редовна читателка на „Македонски глас“ и на тој начин е во тек со активностите на Заедницата на Македонците во Република Хрватска.



Елизабета со семејството



Децата се моето богатство

# На Македонија со љубов

*Тоа е насловот на најновата книга на Јудита Реј Худечек, претседателка на Хрватско-македонското друштво од Загреб, која деновиве излезе од печат. Книгата е финансирана од Загрепската жупанија, преку претставничката на македонското национално малцинство, Лена Ѓапиќ*




Авторката Јудита Реј Худечек за книгата вели дека има малку необичен наслов, но тоа е затоа што преку неа на Македонија ѝ се испраќаат многу добри желби и благодарност за сите убави моменти поминати таму.

„Првата идеја беше на хрватските вљубеници во патувања да им дадеме малку повеќе информации за Македонија, да направиме наш туристички водич, но сфативме дека немаме доволно знаење и компетенции, дека ни се потребни точни факти, датуми, настани, фотографии. Сепак, идејата за една ваква книга оживеа, додава Реј Худечек. Потпишаните „Езерки“ и оркестарот „7/8“, и авторката решиле да направат книга без многу наведени години и податоци што лесно може да се прочитаат на секој проспект и секако, уште полесно да се заборават.

„На Македонија со љубов“ (Makedoniji s ljubavlju) е богат опус од интересни податоци за Македонија, проткаени со впечатоците на членовите на „Езерки“ и „7/8“ и на нивните „Скандинавци“ од турнеите што ги имаа по Македонија. Инаку, „Скандинавци“ се всушност членови и гости кои ги придружуваат на патувањата и „скандираат“ на концертите што ги одржуваат.

## Земјата со најголемите пасишта и бројни цркви

„Со книгата сакавме да го насочиме вниманието на читателите кон она што нас нè воодушеви па да им се јави желба и самите да ја посетат оваа прекрасна земја. Да им откриеме дека Старата скопска чаршија по големина е веднаш по Капали чаршија во Истанбул и она што е уште поинтересно е дека братот на Марин Држиќ имал дуќан таму. Тој, исто како и Гркот Зорба и последната босанска принцеза, погребани се во Скопје. Дека Скопје по земјотресот е изграден како најмодерен град во Европа и пошироко, дека најквалитетниот опиум во светот е произведен во Македонија, дека Македонија нема само свои бисери, туку и рубини, дека Македонија е библиска земја, дека има најголеми пасишта во Европа, прастари манастири и цркви... Се разбира, не ги заборавивме ниту храната и пијалаците, македонската музика и песни. На сето тоа се потсетивме во книгата и го украсивме со нашите фотографии од патувањата“, истакнува авторката.

На 24 февруари книгата беше промовирана во Градската библиотека „Анте Ковачиќ“ во Запрешиќ. Тоа е продолжение на проектот на Лена Ѓапиќ за презентирање припадници на македонското национално малцинство во Загрепската жупанија, која во библиотеката има свое посебно македонско катче.

Елизабета Петровска



*Лена Ѓапиќ*



*Јудита Реј Худечек*

# Тоше има само ден на раѓање

Новаа година датумот 25 јануари беше во знакот на многупати повторуваната реченица – Тоше има само ден на раѓање. Изминаа 40 години од раѓањето на најголемата македонска музичка икона, нашиот непрежален Тодор Тоше Проески. Тешко може со зборови да се опише неговата величина и убавина – ангелски глас, харизма, позитивност, емотивност, неодолив шарм, скромност, насмевка која плени со милост, срце полно со хуманост...



Тоше беше уметник кој докажа дека музиката нема граници. Беше човек со огромен талент и позитивна енергија која силно зрачи. Ни покажа дека хуманоста треба да биде задолжителна особина. Ни подари заедништво, слога, љубов, со познатиот поздрав „Ве сакам сите“.

Со спомени, сеќавање, тага и незаборав, во Крушево и на Гумење беше одбележан неговиот 40. роденден. Поради пандемијата изостанаа музичките настани, но неговите фанови и поддржувачи не заборавија да му оддадат почит. Почитувачите од Крушево, од Македонија, од Хрватска, маратонците кои трчаат секоја година во негова чест, му оддадоа почит на неговиот гроб на Гумење. Не изостана ниту роденденската торта. И во Скопје беше одбележан неговиот роденден со голема крводарителска акција.

Оти, иако физички го нема, Тоше е присутен во мислите на сите. Преку неговите милозвучни песни и настапи ни подари вечен потсетник за неговата уникатност. Вечна слава голем човеку!

Е. П.

# Номинација за наградата за современа архитектура

Архитектонското студио KONNTRA за кое веќе пишувавме во „Македонски глас“, доби уште едно големо признание за својата работа – нивниот урбанистичко-архитектонски проект за уредување на Градскиот плоштад за традиционални занаети во Вараждин беше номиниран за најважното и најпрестижното признание во архитектурата на европско ниво, наградата на Европската унија за современа архитектура „Mies van der Rohe Award 2022“.

Оваа награда е основана во 1987 година како награда што ги вреднува и промовира придонесите на европските архитекти во развојот на нови идеи и технологии, а ја доделуваат Европската комисија и фондацијата „Mies van der Rohe“.

Постапката на доделување на наградите во 2022 г. е организирана во две фази. Првата фаза вклучува номинации на дела завршени од октомври 2018 г. до 2020 г., а втората од ноември 2020 г. до април 2021 г. Процесот на номинирање во првата фаза е завршен и номинираните дела се објавени, додека делата од втората фаза ќе бидат објавени во септември. На почетокот на следната година ќе бидат објавени 5 финалисти, а победникот ќе биде објавен во април 2022 г.

Во првата фаза беа номинирани 449 проекти од 41 европска земја, а меѓу најдобрите архитектонски проекти од цела Европа, создадени во изминатите 2 години, беа вклучени 10 проекти од Хрватска, меѓу кои е и проектот на KONNTRA, односно на авторите Мирјана Лозановска, Силвија Шалева, Ерик Јуришевиќ и Нина Паховиќ, млад меѓународен тим кој во последните неколку години постигнува значајни успеси со своите современи, карактеристични и живописни проекти од областа на архитектурата и дизајнот.



Меѓу номинираните проекти за оваа награда се најдоа и 7 проекти од Македонија.

Е. П.

# 2021 – Година во чест на Блаже Конески

***На великанот што го обележи македонскиот 20. век со македонската Национална програма 2021 година е прогласена за Година на Блаже Конески во која ќе бидат застапени бројни настани***




Оваа година се навршуваат 100 години од раѓањето на Блаже Конески (Небрегово, 1921 – Скопје, 1993), академик, поет, прозаист, есеист, книжевен историчар, филолог, јазичар, преведувач, професор, меѓународно реномиран славист, автор на фундаментални дела од областа на македонскиот јазик и литература, втемелувач на македонистиката на Филолошкиот факултет во Скопје, кој денес го носи неговото име, декан, ректор, еден од основачите и прв претседател на МАНУ, член на академиите на науките и уметностите во Загреб, Белград, Сараево, Чикаго... Во таа чест 2021 година, со македонската Национална програма, е прогласена за Година на Блаже Конески, со богата програма посветена на великанот што го обележи македонскиот 20. век.

## Меѓународен семинар за македонски јазик

Одбележувањето на овој голем јубилеј започна со одржувањето на Првата зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (МСМЈЛК) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ). Таа се одвиваше на далечина (онлајн), преку платформата Зум, во времетраење од 10 работни дена, во периодот од 25 јануари до 5 февруари, под покровителство на министерствата за култура и за образование и наука.

За наставата од 40 часа се ангажирани лектори (предавачи и професори) со долгогодишно искуство. Притоа се организирани лекторски групи за сите нивоа. Двете групи што се дел од напредниот курс за литература и култура работеа на исчитување и преведување на творештвото на Блаже Конески.

## Лекторски часови

Слушателите се истакнати македонисти, професори, истражувачи на македонскиот јазик, литература и култура, но и балканисти, слависти, фолклористи, етнолози, археолози, научници и студенти што го изучуваат македонскиот јазик по универзитетите во светот. Повеќе од 50 слушатели од дури 15 земји, најголем број од регионот, Грција, Турција, Србија, БиХ, Хрватска, Словенија, но и од Унгарија, Чешка, Полска, Франција, Италија, Велика Британија, САД и Канада.

За своето учество посетителите добија Уверение, а ќе се издаде и зборник од преводите на учесниците што се работеа на лекторските часови. Претходните 53 летни школи и 47 меѓународни конференции дадоа околу 4500 учесници од 50 земји во светот на кои сега се приклучуваат и овие 50 семинаристи како први учесници на една ваква Зимска школа на семинарот.

Елизабета Петровска



# Меѓународен ден на мајчиниот јазик



*Јазикот е културно наследство во кое се обединува духовната и материјалната култура на човештвото. Треба да го негуваме, чуваме и развиваме ова културно наследство, односно нашиот мајчин македонски јазик*

Меѓународниот ден на мајчиниот јазик – 21 февруари, УНЕСКО го прогласи во 1999 година на 30. сесија на Генералната конференција, а наредната година беше промовиран како Ден на лингвистичка и културна разновидност и повеќејазичност.

Движењата за промоција и ширење на мајчиниот јазик не се само охрабрување на лингвистичката разноликост и образование, туку и поттик за развивање на свеста за лингвистичките и културни традиции кои ги зацврстуваат разбирањето, толеранцијата и дијалогот. Во светот денес се зборуваат околу 6.500 јазици. Околу 200 земји се пред предизвикот да ги зачуваат „малите“ јазици и тие да се употребуваат заедно со светските јазици.

## Културно наследство

Јазикот е културно наследство во кое се обединува духовната и материјалната култура на човештвото. Треба да го негуваме, чуваме и развиваме ова културно наследство, односно нашиот мајчин македонски јазик. По тој повод, еве неколку цитати во негова чест:

„Јазикот е нашата татковина.“ (Блаже Конески)

„Без јазикот ќе си недостигаме самите на себе, оти само јазикот никогаш не нѐ оставил сами и тој памети многу повеќе отколку што ние можеме да заборавиме.“ (Петре М. Андреевски)

„Јазикот – тоа е голема сила на народот, на нацијата. Да му го земеш јазикот, тоа значи да му ја земеш душата!“ (Кочо Рацин)

„Тој ни е завет од дедовците како тланикот на огништето. Чувај го како црнка во очите – без јазик си никој и ништо.“ (Видое Подгорец)

„Учи напред книга на свој јазик, после ако имаш време, учи и на други јазици. Тој што учит книга толко на туѓ јазик, а не на својот, тој е еднаков со оној што ја отфрлјат мајка си и на место нејаземат друга.“ (Партениј Зографски)

## Да го сочуваме непроценливото богатство

„Милоста кон народниот јазик јет наш долг и наше прао. Ние сме должни да милуаме нашиот јазик, зашто тој јет наш, исто така, како што ни јет наша татковината ни.“ (Крсте Петков Мисирков)

„Чувајте го ова што ви го дадов! – И помнете – ви го давам за да го дадете на луѓето. Мојата желба е да им дадете и повеќе. Брани го од туѓинци. Најубаво ќе го одбраните кога нема да лакомите по туѓото, зашто тој што лакоми по туѓото, го губи и своето!“ (Климент Охридски)

Ниту еден туѓ јазик не може да го замени мајчиниот јазик. Да го зборуваме, осознаваме и промовираме убавиот македонски збор. Дали е народен, дијалект, црковен или литературен, наш е, македонски. Да го сочуваме ова непроценливо богатство. Читајте, пишувајте, зборувајте и творете на македонски мајчин јазик.

Елизабета Петровска



# Молитви и помош за сиромашните

*Екуменскиот одбор на градот Риека донесе одлука, поради епидемиолошки мерки, за првпат програмата на годинешната молитвена осмина за христијанско единство да се одржи во христијанските заедници на таков начин што секоја заедница ќе се моли само во својата црква според својот распоред*



Христијанското заедништво не е утопија, туку „идеал“, рече во емисијата „Метаноја“ на Хрватското радио „Радио Риека“, професорот по веронаука, Мирослав Радиќ, зборувајќи за екуменизмот и молитвената осмина за христијанското единство, која се одржа оваа година на тема: „Останете во мојата љубов и ќе дадете многу плод“ (сп. Јн. 15, 1-17). Тој рече: „Екуменизмот е покана до сите христијански цркви и заедници да се запознаат подобро едни со други и да сведочат за чудесните дела на Господ. Делата на Господ полесно ќе бидат сведоци во очите на светот кога ќе ја видат можноста за заедништво, но исто така, и во конкретен религиозен живот и дело. Тогаш ќе им бидеме предизвик на другите да ни пристапат, да нѐ запознаат и да сакаат да бидат како нас.“

Основач на молитвената осмина за христијанското единство бил американско-англиканскиот свештеник Павао Вотсон и неговиот соработник Спенсер Џонс.

## Преобразувањето на срцето и светоста на животот

На негов поттик, во 1908 година за прв пат била организирана осумдневна молитва за христијанско единство во рамките на Американско-англиканската црква. Набрзо тој, заедно со машката и женската монашка верска заедница, се приклучил на Католичката црква, нагласувајќи го духовниот екуменизам, односно преобразувањето на срцето и светоста на животот, како јавната, заедничката и секоја лична молитва за христијанското единство.

Екуменската молитвена недела во Риека постои од 16 јануари 1997 година кога риечките христијански цркви се собраа за прв пат во Светилиштето на Богородица во Трсат за да се молат заедно. Членови на Католичката црква, Евангелската црква во Риека, Баптистичката црква во Риека, Македонската православна црковна општина „Св. цар Константин и царица Елена“, здружението „Млади за Христа“, христијански младински заедници и активните лаички верници.

Материјалите оваа година за темата „Останете во мојата





лигии се среќаваат и соработуваат на проекти насочени кон помош на сиромашните (ИКА).

Молитвената осмина за христијанско единство годинава започна на 18 јануари во катедралата „Св. Вид“. Мисата ја служеше претседателот на Екуменскиот одбор, монсињор д-р Матија Матичиќ, а заврши на 24 јануари во Младинскиот центар „Бл. Мирослав Булешиќ“, која ја предводеше надбискупот на Риечката катедрала, монсињор Мате Узиниќ. Тој на крајот на Евхаристичката прослава на молитвената осмина за христијанското единство рече: „Бидете градители на новата Христова црква во која сите ќе бидат едно.“

Иако оваа година не беше можно да се одржи Екуменската молитвена осмина во просториите на МКД „Илинден“ и да се придружат со пригодни песни што ги изведуваат како хор на МПЦО, учесниците и верниците на МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена“, ги очекуваат следните средби со вера и надеж, не само во песна и молитва за време на молитвената осмина за единството на христијаните, туку и во текот на целата година во заеднички активности и состаноци.

љубов и ќе донесете многу плод“ (сп. Јн. 15: 1-17), беа подготвени од сестри од заедницата на монахињи во Грандшамп, Швајцарија. Текстовите за годинешната молитва силно го потенцираат духовниот екуменизам и класичните монашки теми и соодветно укажуваат на потребата за квалитетен духовен живот на денешните христијани, како и вредноста и значењето на молитвата.

## Заедништво

Екуменскиот одбор на градот Риека донесе одлука, поради епидемиолошки мерки, за првпат програмата на годинешната молитвена осмина за христијанско единство да се одржи во христијанските заедници на таков начин што секоја заедница ќе се моли само во својата црква според својот распоред. По тој повод, зборувајќи за соработката помеѓу христијанските заедници во Риека, монсињор Матија Матичиќ истакна како во текот на цела година, со исклучок на минатата која беше обележана со пандемијата на коронавирусот, христијаните во градот Риека, но и претставници на други ре-

Гордана Квајо



Фотографии – архива

# Човечкиот живот е Божји дар



*Тоа е живот во заедничка и братска љубов со сите и по сè*

Основниот белег на христијанството и неговата етика е љубовта која претставува суштина на верата и учењето.

**Светиот апостол Павле вели дека нашата љубов треба да биде искрена, силна и пламена.**

**„Човекот колку повеќе љубов има во себе, толку повеќе ги цени и сака другите. Со љубовта, со взаемната почит и уважување се гради добриот христијански однос.**

Токму оваа љубов нè одржувала и нè одржува низ животот, а посебно ни беше неопходна во изминатата 2020 година која донесе големи промени на глобално ниво со појавата на новиот коронавирус. Донесе нови правила и начин на однесување, комуникација, норми и санкции, привремени и трајни мерки, сè со цел за заштита на човековиот живот и здравје ширум планетата.

## За 20 секунди згаснаа животи, се рушеа домови

Освен постојната ситуација со ковид-19, граѓаните во Хрватска се здобија со дополнителни стресови и страшни ситуации предизвикани од земјотреси. Првиот на 22 март 2020 година што предизвика големи штети во центарот на Загреб и околните населени места, како и трагична смрт на малолетно девојче. Вториот на 28 декември 2020 година со епицентар во близината на Петриња, Сисак и Глина, и донесе големи штети на погоденото подрачје.

Таман помисливме дека веројатно тоа е тоа, дека се испразни сета насобрана енергија во подземните слоеви на земјата и дека нема да има нови интензивни тресења на земјата, што претпоставуваа и сеизмолозите, на 29 декември на истото епицентрално подрачје се случи нов многу моќен и разорен земјотрес кој однесе седум животи и остави цел еден опустошен простор.

Сите ние точно знаеме каде сме биле тој ден и што сме правеле во моментот на земјотресот. Чувство на беспомошност, немоќ и слабост го погодува секој човек без исклучок на нација, вера или било која друга припадност.

Иако живееме во околината на Загреб, земјотресот многу интензивно се почувствува и кај нас. Знам само дека, колку што ме држеше гласот, го молев Господ за милост и безбедно да излеземе од куќата со моето семејство.

Целото соседство беше на улица и се прашувавме меѓусебно сите заедно, Македонци, Хрвати, Бошњаци, Срби, дали сме добро и чекавме да престане застрашувачкиот звук, тој рик на земјата и долгото, долго чиниш цела вечност, тресење на земјата. А траеше само 20 секунди.

За 20 секунди згаснаа животи, се разрушија нечии домови, се рушеше секоја мисла дека нешто можеме да сториме.

Во тие 20 секунди целиот живот како на филмска лента ти проаѓа низ очите и човек сфаќа колку овоземниот живот е ништожен, краток, привремен, колку сме како луѓе немоќни, мали и слаби да се спротивставиме на таква природна сила. Тогаш сфаќаш дека сè што можеме да оставиме во овој живот се само спомените по кои луѓето, семејството и пријателите ќе не помнат. Тогаш автомобилите кои ги возиме, куќите и становите во кои живееме и кои цел живот ги градиме одеднаш исчезнуваат пред нашите очи и немаат никаква вредност.

Сè било суета.

## Со поддршка сè може одново да се изгради

Но, кога заѕвони телефонот и од другата страна се слушна гласот на нашиот парохиски свештеник, протојереј ставрофор Кирко Велински и нè праша како сме, дали сме сите добри, живи и здрави, тогаш разрушеното почна да се гради.

Да се гради во смисла дека, сè додека се имаме еден со друг да си упатуваме поддршка и грижа, можеме сè одново да обновиме и изградиме.

Фала на Бог ние и нашиот дом поминавме добро, без повреди и оштетувања.

Отецот Кирко беше во посебен контакт со верниците од Сисачко-мославачката жупанија, како и со бискупот Владо Кошиќ од истоимената жупанија за да изрази сочувство за починатите и христијанско милосрдие за огромните штети што ги претрпеа.

Отец Кирко ни пренесе големи поздрави, молитви и поддршка, како и интерес и грижа за здравјето и состојбата на своето стадо овде во Хрватска и од нашиот Митрополит Европски Пимен како и од Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан кој испрати телеграма со сочувство и молитвено охрабрување до кардиналот Јосип Бозаниќ.

Неговото Блаженство, исто така, испрати и финансиски средства во границите на можностите од нашата МПЦ-ОА, можеби симболично, но од срце.

Кардиналот Бозаниќ се заблагодари за молитвената искрена, срдечна и братска поткрепа во овие тешки моменти за Хрватска и сите кои живеат во неа.

Нашиот Отец Кирко Велински во тие тешки мигови на темнина и безнадежност беше светилникот кој гори на врвот од планината за сите нас, како за морална, така и за духовна поддршка.

## Помош

Голем број од македонските верници во Хрватска се ставија на располагање за помош на настраданите, нудеа свое сместување или било каква помош која ќе може да ги утеши во тие мигови луѓето од настраданите подрачја.

Сиот хрватски народ, целата нација и сите кои во оваа држава живеат се кренаа на нозе. Луѓето самите се организираа по сите градови и жупании и помагаа сите како еден.

На рушевините се срушија и сите ѕидови на поделби и разделби по секоја основа, а се воздигна од пепелта како Феникс една нова сила на братска љубов каде што не постојат нации, вери и разни поделби, бидејќи кај сите се разбуди чувството дека од моментот на раѓањето, па сè до смртта секој човек е непрекинато во различен допир со другите луѓе. За да заедничкиот живот на луѓето биде поднослив и убав, потребно е да се почитуваат низа закони од кои основниот е: човекот да остане човек и да не го понижува другиот.

Не треба да се биде горделив, самоуверен, не треба да се препишува на себе си вообразено совршенство, но да се има искрено смирение.

Солзите кои течеа поради сликите на рушевините, од неутешните семејства на починатите, исто така течеа и од радост, гледајќи ја хуманоста на дело.






Гледајќи, дека сепак луѓето остануваат луѓе, бидејќи сите ние сме створени по лик и подобие Божјо и сите имаме еден Отец на небото и затоа сите меѓусебно сме браќа и сестри.

Невозможно е да го сакаме Бог, а да не го сакаме ближниот свој. Ова го потврдува и св. Апостол Павле со зборовите: „Ако некој рече: го сака Бог, а го мрази својот брат кого го видел, како може да го сака Бог кого не Го видел?“

Христовото учење за љубовта кон Бог и кон ближниот претставува најголема морална заповед.

Македонската православна црква „Св. Злата Мегленска“ во изградба во Загреб, фала Му и Слава на Бога, нема никакви оштетувања.

Како верници веруваме дека сè е по Божја дозвола, веруваме и се молиме на Новородениот Богомладенец да се смилува, а ние да се трудиме да бидеме вистински христијани, не само по името туку и по делата.

Бранкица Богатинов

# Неделна богослужба и ново раководство на МПЦО „Св. Јоаким Осоговски“

*Претседател на Управниот одбор на МПЦО во Пула во наредниот двогодишен период ќе биде Зоран Петровски, Ратко Златески ќе ја врши функцијата потпретседател, Милена Златеска – секретарка, Игор Јаневски – благајник и Мимоза Димовска – член*





Македонската православна црковна општина „Св. Јоаким Осоговски“ од Пула на 21 февруари одржа седница на Редовното годишно изборно собрание во просториите на Советот на македонското национално малцинство за Град Пула. Пред седницата, во црквата „Св. Фрањо“ во Пула беше одржана Светата Литургија, прва подготвителна недела за големиот пост за Велигден, големиот христијански празник кој оваа година се одбележува на 2 мај. Литургијата ја предводеше парохискиот свештеник на Македонската православна црква во Хрватска, протојереј ставрофор Кирко Велински, кој ја водеше и седницата на Редовното годишно изборно собрание.

Седницата започна со молитва за мудри одлуки и со благослов од митрополитот европски г. Пимен. Истата ја отвори претседателот на МПЦО „Св. Јоаким Осоговски“ од Пула, Ратко Златески, кој ги поздрави присутните и ја објасни годишната работа на МПЦО во време на ковид-19.

## Нови членови

Отец Кирко Велински ги пренесе поздравите од надлежниот епархиски архиереј, Неговото Високопреосвештенство митрополитот европски г. Пимен и рече дека годината беше специфична и се работеше под големи мерки на заштита како на себе, така и на сите околу себе, а секако ги истакна и земјотресите во Република Хрватска, спомнувајќи ја помошта на црквата при оваа катастрофална непогода.

Откако беа разрешени досегашните членови на работните тела, беа избрани нови.

Така, претседател на Управниот одбор на МПЦО во Пула во наредниот двогодишен период ќе биде Зоран Петровски, Ратко Златески ќе ја врши функцијата потпретседател, Милена Златеска – секретарка, Игор Јаневски – благајник и Мимоза Димовска – член.

На седницата беа прифатени поднесените извештаи за работата на МПЦО. За членови на Надзорниот одбор беа назначени Магдалена Златеска претседател, Љубинка Петровска и Веска Прелогова, а за Судот на честа: Сашка Соломоновска Јаневска претседател, Глигор Чамоски и Марика Златкова.

Отец Велински заблагодарувајќи се за пожртвуваната работа на долгогодишниот претседател на МПЦО, Ратко Златески, како и на сите членови на работните тела, а и на сите верници, упати посебна благодарност до сите за помошта за изградбата на Македонската православна црква во Загреб.

Михаела Златеска

# СУМ – КОНСТРУКЦИИ

Под **сум-конструкции** се подразбираат форми сложени со **сум** и **глаголска придавка**, како од преодни така и од непреодни глаголи: *сум дојден, бев дојден, сум бил дојден, ќе сум дојден, ќе бев дојден, ќе сум бил дојден, би бил дојден*. Најчесто се употребуваат првите две.

Помошниот глагол ги носи граматичките ознаки на времето, лицето и бројот, а придавката на родот и на бројот.



**Сум**-конструкциите, како и оние со **има**, се употребуваат како паралелни форми со временските и начинските, посебно кога глаголската придавка е изведена од непреоден глагол. Спореди: – *Не знам дали се дојдени.* (= Не знам дали дошле.) – *Ќе бев присутен на состанокот ако ме поканевте.* (= Ќе присуствував на состанокот ако ме поканевте.) итн.

Значењето на **сум**-конструкциите најчесто е резултат од вршењето на дејството или состојба, која исто така произлегува од некакво претходно дејство.

Овие конструкции стојат на границата меѓу морфологијата и синтаксата, затоа што можат да претставуваат или една сложена временска форма или една синтаксичка конструкција (именски прирок), како, на пр., во реченицава: *Тој беше целиот завеан.* Како синтаксичка конструкција е ако придавката завеан има преносно значење (= расеан).

Лидија Георгиева

Постојан судски преведувач од македонски на хрватски јазик и обратно

(Според *Македонски јазик*, Просветно дело АД, Скопје, 2001)





**e-pošta: bekos@bekos.hr • Siget 18c/6. kat • Tel. 01 6525 750/Mob. 091 572 33 88 •**

***PREVODITELJI I SUDSKI TUMAČI ZA MAKEDONSKI, BUGARSKI, UKRAJINSKI, ENGLESKI, NJEMAČKI, SLOVENSKI, TALIJANSKI, FRANCUSKI I OSTALE JEZIKE***

***Stručni i kvalitetni prijevodi s područja prava, gospodarstva, medicine, farmacije, religije, arhitekture, građevine, strojarstva.***

***OBRATITE NAM SE S POVJERENJEM!***

# Зборуваме македонски



*Лав Филип Тешија, детска песна „Мојата мајка“*



*Патрик Бертиќ, македонски народни гатанки*



*Луција Мак, македонски народни поговорки*

На овогодишниот Фестивал на мајчиниот јазик во Осиек, кој по десетти пат го организираше Градската и универзитетска библиотека од 22 до 26 февруари, учествуваа и најмладите претставници на МКД „Браќа Миладиновци“, ученици кои учат македонски јазик по моделот Ц, Луција Мак, 5. одделение во ОУ „Тења“ и Патрик Бертиќ и Лав Филип Тешија, 4. одделение во ОУ „Вијенац“.

Оваа година, програмата се реализираше по виртуелен пат: учениците снимаа видеа кои потоа беа поставени на Јутјуб каналот на Библиотеката, а во процесот на снимањето им помогна учителката Маја Јовановски.

„Ова е нов начин на претставување на учениците кој досега не сме го применувале, но тие со радост прифатија да се снимат“, истакна учителката.

Со програмата се претставуваат јазиците на малцинствата, а со цел нивно зачувување од заборавот, негување и активна примена – изучување и горење, и тоа од страна на најмладите.

На „Читателскиот предизвик“ на Градската и универзитетска библиотека од Осиек оваа година одговорија децата на германското, албанското, унгарското, русинското, руското и македонското национално малцинство, како и децата читатели на хрватски јазик.

J. T.

ZAUM PRIJEVODI

Prijevod osobne, poslovne, pravne i medicinske dokumentacije s ovjerom sudskog tumača za građane i tvrtke.
Prijevod stručnih tekstova.

Engleski-Njemački-Arapski
Francuski-Španjolski
Srpski-Bosanski-Albanski
Makedonski-Slovenski
Maksimirska 40,10000 Zagreb
M: 095/5969-047 T: 01/7789-311
E: zaum.prijevodi@gmail.com
www.zaum-prijevodi.hr

# Вкусовите на Македонија

*Бидејќи се ближат велигденските празници, во овој број на „Македонски глас“ ќе ви понудиме неколку рецепти што може да се најдат на велигденската трпеза*

## Велигденски куглоф со јајца



**Потребно е:** 6-7 јајца, 1 л јогурт, 4 кесички желатин, 200 г шунка, 300 г смеса за француска салата, 3 кесички мајонез од 80 г, 4 кисели краставички, сол.

**Подготовка:** Јајцата се варат и се лупат, смесата за француска салата се вари 15-тина минути и се процедува, се сечкаат шунката и краставичките. Потоа желатинот се мати во вода и се остава 10 минути да набабри. Јогуртот малку се загрева и му се додава подготвениот желатин. Во смесата со јогурт ги додаваме сите состојки освен јајцата, го додаваме мајонезот, посолуваме по вкус и половина од смесата ја истураме во калап за куглоф. Оставаме да се стегне во фрижидер 30-тина минути. Потоа ги редиме варените и излупени јајца во круг и врз нив го преливаме остатокот од смесата. Оставаме во фрижидер неколку часа, најдобро е преку ноќ, за да се стегне смесата. Кога ќе биде готов куглофот, со нож малку се одвојуваат врвовите од калапот и се превртува наопаку на чинија. Можете да декорирате по избор.



## Ролат од месо во тесто

**Потребно е: за ролатот од месо:** 1/2 кг мелено месо, 1 главица кромид, 2 лажици лебни трошки, зачин вегета, црн пипер, 4 јајца; **за тестото:** 350 г брашно, сол, 1 супена лажица масло, малку сув квасец, (1/3 од кесичка), ладна вода 150 мл и 1 жолчка за премачкување.

**Подготовка:** се замесува смесата од месо, се растегнува правоаголно и врз месото се редат варените и излупени јајца. Потоа се витка во ролат и се става да се пече околу 30 мин. Во меѓувреме се меси тестото од наведените состојки и се остава 15 минути да отстои. Потоа повторно се премесува и се остава уште 15 минути додека да се испече ролатот од месото. Кога печењето на ролатот ќе биде при крај, се вади од рерна, се чека малку да олади и се става врз тестото кое сме го развлекле во правоаголна форма за да може да се завитка околу ролатот. Се става во калап за печење и се премачкува со жолчка. Се пече десетина минути додека не порумени горниот дел. Ролатот може да се послужи топол или ладен.

## Жито со шлаг



**Потребно е:** 300 г пченица, 1 вреќичка шлаг за матење, 3 супени лажици мед и 150 г ореви.

**Подготовка:** Пченицата прво се мие, се потопува во врела вода да отстои околу еден час, а потоа се вари во подлабоко тенџере прекриена со вода. Откако ќе се свари, се прецедува преку цедалка и се остава извесно време за да се исцеди водата. Потоа се меле во машина за мелење месо па се додава медот и 100 г мелени ореви. Декорацијата се завршува во декоративни стаклени чинии или чаши, каде врз мелената пченица со ореви се додава изматениот шлаг, а одозгора се наросуваат сечкани ореви.

Друг начин на послужување е да се направат поголеми топки од житото и врз нив да се стави шлаг и ореви.

М. Г.








# ИДИЛАТА НА КОНЧЕ И МАНТОВО








Конче е село во Радовишко, во југоисточна Македонија и е седиште на истоимената општина. Се наоѓа во средишниот дел на општината, во подножјето на планината Серта, на 20 км јужно од градот Радовиш, близу изворот на реката Крива Лакавица. Сместено е на надморска висина од околу 650 м, со повеќе од 300 куќи, со 1000 години традиција.

Конче за првпат се споменува во 1019 г. во записите за византискиот цар Василиј II, иако според мештаните, веројатно е многу постаро. Велат дека во античко време таму се наоѓало селото Костадинци од кое наводно и потекнува името на Конче. Своите почетоци ги бележи како средновековно гратче со манастирски комплекс, а манастирската црква „Св. Стефан", која датира од 1366 г. била црковно и управно седиште за регионот.

Црквата, во чиј двор се наоѓаат остатоци од голема средновековна кула, е позната и како „Св. Богородица". Интересната појава што оваа црква е позната под две имиња, се поврзува и со чудесната икона на св. Богородица, која сама се појавувала од гевгелискиот крај во оваа црква. Се сметало дека таа има исцелителна моќ.

Овој крај нема само долга историја, археолошко богатство и културно наследство, туку и убава природа. На 15 км од селото Конче, затскриена од главните сообраќајни патишта и оградена од планините се распослала прекрасна височрамнина ишарена со обработени ниви со тутун, зеленчук, жито, бостан и овоштарници со сливи, праски и лозја, а сред неа час се белее, час синее големото вештачко езеро Мантово.

Мантово како второ езеро по големина во источна Македонија е изградено на реката Крива Лакавица во 1978 г. со цел да го наводнува Радовишко Поле, да обезбедува вода за рудникот Бучим и општината Конче. Сместено е во областа Лакавичко, се протега во правец северозапад-југоисток на надморска височина од 402 м и има издолжен облик со повеќе заливи на вкупна површина од 4,49 км2. Во близина на езерото се наоѓа ридот Габровска Чука, кој е неиспитано археолошко наоѓалиште. Тука се издигнуваат и вертикални гранитни карпи со висина од 2 до 25 м.

Езерото се одликува со пријатна микроклима, а температурата на водата во летниот период достигнува 24 °C. Изобилува со богат и разновиден биодиверзитет, со најразлични видови на слатководни риби, птици и влекачи. Најзастапени риби се: крап, сом, караш, клен, плашица, црвеноперка и други, а има и жаби, водни желки и змии.

Во поглед на туризмот, ова идилично место нуди чиста околина, спокој, прекрасен пејзаж за прошетки и рекреација, капење и водни спортови, спортски риболов, алпинистичко искачување, велосипедизам, здрава храна, запознавање со локалната традиција и етно туризам.

Елизабета Петровска